# МОНИТОРИНГ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РЕСУРСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2025 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ



НОЕМВРИ 2025

# Содржина


ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ ... 3

ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИТЕ СОГЛЕДУВАЊА И ЗАКЛУЧОЦИ ... 3

ЗА МОНИТОРИНГОТ ... 5

ТЕМАТСКИ СОГЛЕДУВАЊА ... 6

1. КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА ВО КАМПАЊАТА ... 6

2. КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ФИНАНСИРАНИ ПРОЕКТИ И ПОВРЗАНИ ОБЈАВИ, ОФИЦИЈАЛНИ ОТВОРАЊА И ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА И ПУБЛИЦИТЕТ ЗА ПРОМОЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ ... 8

3. ВКЛУЧЕНОСТ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И НОСИТЕЛИ НА ДРЖАВНИ ФУНКЦИИ ВО КАМПАЊАТА ... 10

4. КОРИСТЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ФУНКЦИОНЕРИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА КАНДИДАТИ ... 12

ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА ... 14

ЗА ИФЕС ... 14

АНЕКС I: СОСТАВИ НА КОАЛИЦИИТЕ ВО НАБЉУДУВАНИТЕ 26 ОПШТИНИ: ... 15

АНЕКС II: СУМИРАНИ ИЗВЕШТАИ ПО ОПШТИНИ ... 16

II.1. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА БИТОЛА ... 16

II.2. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА БОГОВИЊЕ ... 17

II.3. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА БУТЕЛ ... 18

II.4. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ДЕБАР ... 19

II.5. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ... 20

II.6. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ... 22

II.7. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ... 23

II.8. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ ... 24

II.9. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ГОСТИВАР ... 25

II.10. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ... 26

II.11. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА КОЧАНИ ... 28

II.12. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА КУМАНОВО ... 29

II.13. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ЛИПКОВО ... 31

II.14. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ... 32

II.15. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ... 33

II.16. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП ... 34

II.17. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА САРАЈ ... 35

II.18. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА СТРУГА ... 37

II.19. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА СТРУМИЦА ... 38

II.20. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ ... 39

II.21. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ... 40

**II.22. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ТЕТОВО......41**
**II.23. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА......43**
**II.24. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ЧАИР......44**
**II.25. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ШТИП......46**
**II.26. СУМИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ......47**

**МОНИТОРИНГ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РЕСУРСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2025 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Прелиминарен извештај од спроведениот мониторинг

## Преглед на клучните согледувања и заклучоци

Мониторингот на можната злоупотреба на административните ресурси се спроведуваше од страна на 70 набљудувачи од 10 граѓански организации[1] во 26 општини.[2] Мониторингот имаше за цел да се оцени присуството на практики за злоупотреба на државните функции, активности или ресурси за време на локалните избори во 2025 година на начини што може да влијаат на еднаквоста и правичноста на изборната трка.

Злоупотреба на административни ресурси беше забележана во различни форми и со различен интензитет во општините што беа вклучени во мониторингот. Тие појави не беа ограничени само на една политичка сила или коалиција, ниту на одредена географска област, додека во некои општини спроведениот мониторинг откри само неколку или никакви потврдени случаи на злоупотреба. Се чини дека злоупотребата на административните ресурси главно беше обликувана од контекстуалните фактори, односно, поврзаноста на институциите со партиите, политичките констелации на локално и национално ниво, актуелното вршење функција и степенот на конкурентност во изборната трка. Онаму каде беа забележани злоупотреби на административните ресурси, тоа севкупно имаше ефект врз нерамномерната видливост и можности за промоција помеѓу учесниците на изборите. Оние со институционална или политичка моќ или оние тесно поврзани со нив почесто имаа придобивки од индиректното промовирање преку јавни настани, проекти, комуникациска поддршка или мобилизација на јавните ресурси. Наспроти тоа, помалку етаблираните партии и независните кандидати се соочуваа со поограничен пристап до канали преку кои би можеле да постигнат сличен степен на препознатливост во јавноста.

Најзабележливите појави на злоупотреба на административни ресурси може главно да се разгледуваат како две меѓусебно поврзани групи на практики. Првата група се однесува на практики кои имаат цел да го зголемат угледот и кредибилитетот на кандидатите преку искористување на институционалниот статус, резултатите од управувањето и државните функции за да се зајакне позитивното мислење кај гласачите. Тоа се однесува на промовирање на завршени, тековни или новообјавени јавни проекти и инфраструктурни активности; вклученост на државни функционери во кампањите и нивна поддршка за кандидатите; како и користење на институционалната комуникација и профилите на државните функционери на социјалните мрежи за пораки поврзани со кампањата.

---

[1] Здружение за грижа и нега во домот „Центар за асистенција“ Скопје (Центар за асистенција), Здружение за рурален развој Локална акциона група Агро Лидер Кривогаштани (ЛАГ Агро Лидер), Здружение на граѓани за зајакнување на демократските вредности ТРИ Ц Консалтинг Скопје (ТРИ Ц Консалтинг), Здружение на граѓани за заштита на животната средина Вердевита Гостивар (Вердевита), Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк – Центар за европски стратегии-Скопје (Евротинк), Планинарски спортски клуб КАБ Струга 2017 Струга (КАБ Струга 2017), Сојуз за родова еднаквост Национална мрежа Жените за жените Скопје (Жените за жените), Здружение за општествен развој – „За Тетово“ – Тетово (За Тетово), Здружение за меѓународна младинска соработка Интерактив-Битола (Интерактив Битола), и Институт за истражување и анализа на политики- Ромалитико Скопје (Ромалитико).

[2] Битола, Боговиње, Бутел, Валандово, Врапчиште, Дебар, Делчево, Долнени, Гостивар, Кисела Вода, Кочани, Куманово, Липково, Македонски Брод, Охрид, Прилеп, Сарај, Струга, Струмица, Студеничани, Теарце, Тетово, Центар Жупа, Чаир, Штип и Шуто Оризари.

.

Ваквите практики често ја замаглуваат линијата помеѓу вршењето на јавните должности и политичката активност и изгледаат како стратешки изборни напори во смисла на испраќање порака дека давањето глас за одредени кандидати ќе обезбеди континуирано финансирање, развој или други придобивки.

Втората група практики подразбира практики за олеснување на изборните активности, најчесто преку користење на јавни објекти, а во помала мера и на државни службени возила, со цел да се одржат и поддржат изборните активности. Овие практики ги намалуваат пречките од аспект на логистика и финансии за кандидатите кои се подобро поврзани и често се засноваат на неформално дадени одобренија коешто предизвикува загриженост во однос на еднаквиот пристап за сите учесници на изборите.

Од аспект на регулативата, наодите посочуваат на комбинација од состојби. Некои од забележаните практики се спротивни на постојните законски одредби, како што се случаите на неоправдано користење на јавни објекти и службени возила за целите на кампањата и промоција или започнување јавни проекти надвор од дозволените временски рамки. Другите практики сепак не се експлицитно забранети, при што нејасните законски определени граници помеѓу службената и политичката активност за време на избори оставаат простор и за реална злоупотреба и за перцепција на злоупотреба — особено кога граѓаните не можат да направат јасна разлика меѓу двете. Таквото мешање на изборните активности со управните обврски не е во духот на принципите на неутралност, професионализам и етичко однесување во јавната служба. Исто така, тоа е во спротивност со меѓународните стандарди и добри практики кои повикуваат на јасна поделба помеѓу државата и партиите, како и на сеопфатна регулатива поврзана со злоупотребата на административни ресурси.[3]

[3] Параграф 5.4 од 1990 ОБСЕ Документ од Копенхаген повикува на „ јасна поделба помеѓу државата и политичките партии". Види исто Заеднички упатства на ОДИХР и Венецијанската комисија за превенција и одговор на злоупотребата на административните ресурси за време на изборни процеси.

## За мониторингот

Под водство на проектниот тим на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) Северна Македонија, 70 обучени набљудувачи од 10 граѓански организации спроведоа мониторинг за време на локалните избори во 2025 за појавата на злоупотреба на административните ресурси на примерок од 26 различни општини. Мониторингот се спроведуваше во периодот од 15 септември до 2 ноември, со опфат на предизборниот период и периодот на изборната кампања, изборниот молк, и двата круга од гласањето, според околностите. За мониторингот се следеше сеопфатна и прилагодена методологија заснована на искуствата од слични заложби за мониторинг на меѓународно ниво, обезбедувајќи непристрасно, независно и ненаметливо набљудување. Податоците се собираа преку теренска работа, анализа на документи и анкети со засегнатите страни, и беа доставувани преку структурирани квалитативни и квантитативни алатки. Иницијативата имаше за цел да се зајакне капацитетот на граѓанските организации за мониторинг на злоупотребата на административните ресурси и пошироките изборни прашања, при што се подигнува свеста кај политичките и институционалните чинители за ризиците поврзани со злоупотребата на административните ресурси. Намерата е да се создаде корпус на знаења што ќе ги насочи јавните дискусии, идните реформски заложби и ќе придонесе за долгорочно подобрување на изборниот интегритет и доброто владеење. Со оглед дека станува збор за пилот проект, извлечените поуки и увиди од имплементацијата на методологијата во пракса ќе послужат за да се подготвуваат идни слични заложби со цел и понатаму да се зајакнува капацитетот во оваа област. Конечниот извештај од спроведениот мониторинг се очекува да биде објавен во февруари 2026.

*Севкупните наоди од спроведениот мониторинг и прелиминарните заклучоци не треба да се смета дека даваат исцрпна или целосна слика за застапеноста на злоупотребите на административните ресурси за време на локалните избори во 2025. Тие се само приказ на моменталната состојба врз основа на ограничениот опфат и примерок, и оттука имаат својствени ограничувања што се должат на напорите што се прават по прв пат, како и на капацитетите, временските рамки и потпирањето на јавно достапни и директно видливи информации.*

**Што е злоупотреба на административни ресурси?**

За целите на овој проект, злоупотреба на административни ресурси подразбира неправедна предност која ја имаат партиите или кандидатите во однос на користењето на своите државни функции или пристапот до јавните ресурси за да влијаат на изборниот процес. Врз основа на меѓународната добра пракса, овој термин не се однесува само на финансиските или материјалните ресурси, туку и на кадарот, институционалната инфраструктура и престижот на државната функција за влијание врз изборите. Делотворната законска регулатива за злоупотреба на административните ресурси и нејзиното спроведување се клучни за заштита на рамноправниот натпревар и заштита на довербата на јавноста во демократските избори.

## Тематски согледувања

Неколку форми на потенцијална злоупотреба на административни ресурси се уредени со националната правна рамка, а многу други се опфатени со меѓународните добри практики. Иако мониторингот опфати поширок спектар на прашања поврзани со злоупотребата на административните ресурси, најголем дел од забележаните случаи се однесуваат на четири области и истите се истакнати во овој прелиминарен извештај. Посочените општини и примери служат за илустрација и нужно не претставуваат исцрпни примери што се должи и на намерата да се презентираат случаи во различен локален контекст.

## 1. Користење на јавни објекти и службени возила во кампањата

**Правна рамка:** Според член 8-б и 82 од Изборниот законик, користењето јавни објекти, опрема и службени возила за цели на изборната кампања е забрането; при што за последните постои исклучок за лицата кои се опфатени со посебните одредби за заштита. Предизборните митинзи не смеат да се одржуваат во воени, верски или здравствени објекти, училишта, детски градинки или други јавни објекти, а исто така државните или општинските канцеларии не смеат да се користат за цели на кампањата. Исто така, раководителите на јавните институции можат да дозволат одредени исклучоци, доколку не постојат други соодветни простории и под услов да се обезбедат еднакви услови за сите кандидати.

**Забележани состојби:**

**Користење на јавни објекти:** За време на периодот на мониторинг беше забележано често користење на јавните објекти. Беа следени вкупно 1.093 настани и активности од кампањата, од кои во 219 случаи беа користени јавни објекти или простори за настани во кампањата или за јавни настапи на кандидати, и во дополнителни 101 случај тие беа користени за други цели поврзани со кампањата – како што се изборни штабови, за координација, логистика или складирање материјали. Најчесто користени беа училиштата и детските градинки, а потоа културните домови, општинските административни згради, музеите, галериите, спортските сали, стадионите и други јавни простории. Користењето на јавни објекти беше забележано кај сите политички опции; сепак, најголем број случаи беа поврзани со кандидати од коалицијата Национална алијанса за интеграција (НАИ), коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и коалицијата ВЛЕН[4] (понатаму во текстот НАИ, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ВЛЕН).
Такви случаи беа регистрирани во 21 општина, со најголема застапеност во Битола, Гостивар, Сарај, Штип, Струга, Шуто Оризари, Тетово и Врапчиште, што укажува и на географска распространетост и концентрираност во урбаните и мултиетничките средини.

[4] Видете го анексот бр. 1 за составите на коалициите.
За целосните листи на кандидатите, видете на следниот линк: Кандидатски листи ДИК

*Примери:*

- На 1 октомври, СДСМ ја користеше главната сала на Домот на културата „Македонски Брод“ за настан за промоција на кандидатот за градоначалник Ивица Стојкоски и листата на кандидати за советници и носителот на листата - Андреј Сиљаноски.
- На 6 и 8 октомври, кандидатот за градоначалник на НАИ, Блерант Рамадани, одржа средби со жителите на селата Глумово и Горно Свиларе (општина Сарај) во просториите на селските училишта.
- На 7 октомври, СДСМ организираше настан „Караван Локални избори 2025 – Се бориме за нашиот дом“, со цел промоција на кандидатурата на актуелниот градоначалник Перо Костадинов, кој се одржа во кино-салата на Домот на култура „25 Мај“ во Валандово.
- На 9 октомври, Музејот на тетовскиот крај (поранешен Дом на Армијата) во Тетово беше користен за промоција на кандидатите на ЗНАМ за општинскиот совет.
- На 17 октомври, Форумот на млади на НАИ организираше спортски ден во спортската сала во средното училиште во Гостивар.
- На 18 октомври, кандидатот на ВЛЕН, Блерим Ислами, одржа настан за кампањата со наставници во основното училиште во Долнени.
- Во Скопје, поради кризата со собирањето отпад, општинските служби и ресурси беа мобилизирани со зголемена видливост во јавноста. Неколку чинители од општинско и централно ниво, меѓу кои и кандидати за градоначалници и високи државни функционери ги користеа општинските возила и преку меѓуопштинска поддршка пристапија кон чистење, претставувајќи ги овие активности за јавноста како успешни акции во кампањата. Иако со акцијата за чистење се обезбедија потребните услуги за граѓаните, сепак користењето општински возила, човечки ресурси и логистика предизвика загриженост околу користењето институционални ресурси во корист на одредени кандидати.

И покрај обидите на набљудувачите да ги потврдат основите на кои јавните објекти биле ставени на располагање, во многу случаи не беше можно да се утврди дали формално бил даден исклучок и на кој основ. Во некои случаи беа забележани навидум дадени одобренија и документирани уплати за користење на просториите, но во повеќето случаи изгледаше дека просториите биле обезбедени бесплатно, без јасни докази за јавно достапни одлуки со кои се дозволува користењето на просториите согласно на одредбата за исклучоци.[5] Некои соговорници тврдеа дека таквите активности се дел од „вклученоста во заедницата“ на државните институции кои се домаќини на настаните, а не поддршка на кампањата. Сепак, на повеќе места беа добиени извештаи за нееднаков пристап на кандидатите до јавните објекти.

Збирните наоди посочуваат дека партиите на власт и влијателните партии и кандидати на локално ниво често имаа неформално обезбеден пристап до јавните објекти, додека помалите партии и независните кандидати се соочуваа со бирократски или политички пречки при поднесување на такви барања. Во целина, честото користење јавни објекти за кампањски цели и недостатокот на транспарентност во примената на механизмот за исклучоци отвораат прашања за усогласеност со законските ограничувања и дали постојната рамка обезбедува доволни заштитни механизми против оваа форма на злоупотреба.

[5] На пример, на набљудувачите им беше пријавено дека настанот одржан на 9 октомври како дел од кампањата на ВЛЕН во средното медицинско училиште „Никола Штејн“ во Тетово бил одобрен, и дека градоначалникот искажал благодарност на директорот на училиштето за време на средбата за обезбедениот простор.

**Користење службени возила:** Во однос на користењето службени возила за целите на изборната кампања беа забележани релативно мал број на случаи. Евидентирани се вкупно само 26 такви случаи во 7 општини, најчесто во Тетово и Боговиње. Се работеше главно за превоз на кандидатите или поддржувачите, но и за транспорт на материјали за изборната кампања. Повеќето такви случаи беа забележани во врска со кампањата на кандидатите ВЛЕН, а потоа и на ВМРО-ДПМНЕ.

Напорите на набљудувачите да ги потврдат овие случаи често беа попречени поради нецелосните податоци во онлајн регистарот на службени возила на Државната комисија за спречување корупција и недоследното спроведување на владината мерка за црвени регистарски таблички на владините возила – како две позитивни мерки за транспарентност.[6] Иако вкупниот број на случаи е со помал размер споредено со истакнатата загриженост од последните избори, забележаните појави ја нагласуваат потребата за континуирано подигнување на свеста и доследно спроведување на законските ограничувања.

## 2. Користење на јавно финансирани проекти и поврзани објави, официјални отворања и пуштање во употреба и публицитет за промоција на кандидатите

**Правна рамка:** Покрај изборната легислатива, Законот за јавни набавки предвидува рамка за одговорност во користењето на јавните средства, ограничувајќи неуредени или забрзани постапки за набавки и договори кои не му служат на јавниот интерес. Член 8-а од Изборниот законик забранува започнување нови, претходно непланирани јавни развојни проекти, вонредни буџетски исплати или исплати на бенефиции, како и нови вработувања финансирани од буџетот, откако ќе бидат распишани изборите. Дополнително, 20 дена пред почетокот на изборната кампања се забранува одржување јавни настани поврзани со започнување изградба или пуштање во употреба на инфраструктурни објекти и проекти – како патишта, водоводи, електрични и канализациски системи, спортски терени, училишта, градинки и други јавни објекти. Сепак, предвиден е и експлицитен исклучок кон ова правило, односно, оваа забрана не се однесува на јавни изјави што носители на државни функции или кандидати можат да ги дадат на изборни митинзи, интервјуа, дебати или како одговор на новинарски прашања.

**Забележани состојби:**

Голем број примери на најави за нови проекти, официјални отворања и пуштање во употреба на објекти, инспекции на тековни проекти или активности за промоција на јавни инвестиции и инфраструктурни проекти беа забележани во пракса – и пред и за време на официјалниот период на изборната кампања. Имаше бројни случаи кога носители на функции, и на државно и општинско ниво, во голема мера упатуваа на таквите јавно финансирани проекти и активности за време на настаните од кампањата, и директно или индиректно ја засилуваа поддршката за своите кандидати и партии.

[6] Според ДКСК, заклучно со 29 септември, само 635 институции ги доставиле податоците за службените возила, додека 879 институции не постапиле по доставеното барање. Заклучно со 6 ноември, запишани се вкупно 6,659 возила во регистарот. Како и во некои други забележани случаи, во Кисела Вода беа забележани неколку службени возила за кои е утврдено дека припаѓаат на претставници на централната власт, вклучително и на Премиерот, кои беа вклучени во митингот на ВМРО-ДПМНЕ за кампањата пред општинската зграда на Кисела Вода на 9 октомври 2025, и на кои не биле поставени црвени регистарски таблички.

Актуелни градоначалници и советници кои повторно се кандидираа, како и други кандидати, активно ги претставуваа овие проекти како постигнувања на партиите на власт, при што ги поврзуваа континуитетот на инвестициите и подобрувањата со својата изборна победа.

Повеќето од тие јавно финансирани проекти се веќе започнати и претходно планирани и буџетирани. Промовирањето на такви проекти беше истакнато во речиси една третина од извештаите од мониторингот, со поизразена застапеност во Кочани, Охрид, Тетово и Шуто Оризари. Истовремено, според извештаите на набљудувачите, неколку од тие проекти биле одобрени кусо време пред истекувањето на законскиот рок или однапред било испланирано да се најави отпочнувањето на проектите за време на изборниот период.
Иако овие активности не се директно спротивни на законот, сепак покренуваат прашања во врска со стратешки определеното време за да биде во корист на кампањата. Тоа исто така дава значителни можности за промовирање на кандидатите за да ги искористат таквите успеси во формулирањето на наративот за кампањата кој е врамен околу покажани достигнувања, развој и ефикасност. Исто така, беа забележани и неколку примери на одобренија за нови инфраструктурни проекти, како што е примерот од Тетово со дванаесет проекти, меѓу останатото, поврзани со реконструкција на неколку патишта и спортски терен.

*Примери:*

- На 2 октомври, за време на јавен собир во Кочани во поддршка на кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ, премиерот Христијан Мицкоски истакна претходни инвестиции и вети дополнителни 100 милиони евра за идни инфраструктурни проекти во општината.
- Помеѓу 1 и 8 октомври, Иџет Меџити, кандидат на ВЛЕН за градоначалник на Чаир и прв вицепремиер, јавно објави серија инвестициони проекти – од локални отпадни и водоводни инфраструктурни системи, до започнување на два големи државно финансирани проекти: кампусот на Универзитетот Мајка Тереза и подземниот паркинг на плоштадот Скендербег во Скопје.
- На 10 октомври, на настанот за отпочнување на реконструкцијата на рекреативниот стадион во Рашче, присуствуваше министерот за млади и спорт Борко Ристовски, при што беше промовиран кандидатот на ВЛЕН за градоначалник на Сарај, Мухамед Елмази.
- На 12 октомври, градоначалникот на Бутел и кандидат за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ, Дарко Костовски, заедно со премиерот Мицкоски и министерот за транспорт Александар Николоски, присуствуваа на отворањето на нови водоводни мрежи во Љубанци и Љуботен.
- На 13 октомври, градоначалникот на Тетово и кандидат за градоначалник на ВЛЕН, Билал Касами, заедно со актуелни советници и кандидати, одржа прес-конференција на градилиште каде што се гради нов стадион во Тетово.
- На 29 октомври, на својата официјална Фејсбук страница, градоначалникот на Македонски Брод и кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, Жарко Ристески, објави информации за инспекција на градежните работи на дневниот центар за деца со посебни потреби и на градинката (два проекти кои веќе се одобрени), во придружба на заменик-министерот Ѓоко Велковски и заменик-министерот за здравство, Јовица Андовски.
- Во серијата објави на Фејсбук на 31 октомври и 1 ноември, градоначалникот на Боговиње и кандидат на НАИ, Бесник Емшиу, ги користеше започнатите или планираните проекти на општината како дел од својата кампања, за да им се обрати на гласачите од Пирок, Раковец, Седларце, Синичане, Камјан и Урвич.

Во целина, изразеното упатување на завршени, тековни или планирани јавни проекти и инвестиции во повеќето од општините каде се спроведуваше мониторингот индиректно го зајакна имиџот на актуелните функционери и поврзаните кандидати, со што се зацврсти и наративот дека нивниот избор гарантира континуитет во подобрувањата и инвестициите. Овие активности и информирањето за нив честопати изгледаше дека се стратешки определени и намерно истакнувани во контекст на кампањата. Таквите упатувања ја замаглуваат границата помеѓу редовното управување и водењето изборна кампања и придонесуваат за отворање можности за поголема промоција во корист на кандидатите кои се поддржани и предложени од партиите на власт и кои имаат претходно портфолио на проекти што може да се прикаже.

## 3. Вклученост на државните институции и носители на државни функции во кампањата

**Правна рамка:** Неколку клучни принципи за да се спречи судирот на интереси и да се обезбеди служба во јавен интерес се вградени во законската рамка во која се уредени различните категории на носители на државни функции, што ја дава и рамката за правилно однесување за време на избори. Законот за спречување на корупција и судир на интереси (член 3–4) налага функционерите да постапуваат непристрасно, водејќи се од јавниот интерес, и забранува користење на државната функција за остварување лични, туѓи или партиски интереси. Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници (чл. 53(1) и 60) и Законот за државни службеници (чл. 59(1) и 64) го зајакнуваат принципот на непристрасност при извршување на службените должности и забрануваат политичка активност во службено својство или за време на работното време за разните групи на вработени лица во јавниот сектор. Покрај тоа, во етичките кодекси за членовите на Владата, Собранието и локалната самоуправа се повторува начелото за непристрасност при вршењето службена должност/во текот на работното време и се истакнува потребата од јасна разлика меѓу службената должност и политичката активност.

Сепак, активностите на носителите на јавни функции не се експлицитно уредени во законската рамка, односно нивните јавни настапи, давање поддршка или активности на социјалните мрежи.

**Забележани состојби:** Државните функционери во пракса одиграа значајна улога за промоција на кандидатите и партиите за време на изборната кампања. Министри, заменици-министри и пратеници најчесто беа присутни на настаните во изборната кампања на кандидатите од нивната политичка опција, со што придонесуваа за зголемена институционална видливост и кредибилитет, отворајќи им можност на кандидатите да бидат поврзани со владините достигнувања и иницијативи. Градоначалници, советници и директори на јавни претпријатија или агенции исто така често ја поддржуваа промоцијата на кандидатите преку говори за поддршка или со истакнување на достигнувањата на локално ниво. Најчесто ваквата вклученост беше забележана во врска со кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ, а потоа и на оние поврзани со НАИ, ВЛЕН, СДСМ и ЗНАМ, со поретко забележани случаи кај Левица, Поинаку и Турската демократска партија.

Иако повеќето настани во кампањата се одржуваа надвор од работното време, како на пример во Центар Жупа, и во некои случаи функционерите тврдеа дека се дојдени приватно или како претставници на политичка партија, набљудувачите забележаа голем број случаи кога функционерите настапуваа во својство на носители на функција, експлицитно наведувајќи ја својата државна функција.

Од вкупно 169 настани во кампањата што беа следени во 19 општини, беше забележано учество на државни функционери, или во улога на државни функционери или поинаку, и тоа најмногу во Гостивар, Тетово, Боговиње, Кочани, Прилеп, Сарај, Валандово и Шуто Оризари.

*Примери:*

- На 2 октомври, градоначалникот на Долнени, Урим Ибески, учествуваше на отворањето на изборен штаб на НАИ, каде што јавно ја изрази својата поддршка за кандидатот на НАИ, велејќи дека тој ќе ја продолжи неговата работа во водењето на општината.
- На 6 октомври, за време на настан од кампањата во основното училиште „Наим Фрашери“ за промоција на кандидатите за градоначалници и советници на ВЛЕН, присуствуваа членови на Владата, пратеници и градоначалникот на Тетово, кои беа претставени со нивните официјални звања.
- На 8 октомври, на митинг на ВМРО-ДПМНЕ во општина Бутел, присуствуваа премиерот Христијан Мицкоски и министерот за одбрана Владо Мисајловски, претставени со своите службени функции.
- На 8 октомври, кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Ѓоко Камчев, како дел од кампањата го посети градскиот пазар во Валандово, придружуван од директорите на јавната здравствена установа во Валандово и директорот на Центарот за социјална работа.
- На 29 октомври, на настанот одржан во ЈП „Шари“ за промоција на градоначалникот на Тетово и кандидатот на ВЛЕН, Билал Касами, директорот на претпријатието јавно ги промовираше тековните инфраструктурни проекти, истовремено критикувајќи ја претходната локална власт.
- На 16 октомври, кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ, Дејан Проданоски, како дел од кампањата ја посети градската болница „Борка Талески“ во Прилеп, придружуван од министерот за здравство Азир Алиу, заменик-министерот Јовица Андовски, директорот на Фондот за здравствено осигурување Сашо Клековски и градоначалникот на Прилеп.
- Пред првиот круг од изборите, градоначалникот на Теарце учествуваше на настаните од кампањата во поддршка на кандидатот на НАИ, користејќи ја можноста да ги промовира претходно планираните проекти за реконструкција и асфалтирање на патишта.
- Во пресрет на вториот круг од изборите, актуелниот градоначалник на Студеничани, Азем Садики, се приклучи на серија јавни настани во општинската спортска сала „Илинден“, каде што се среќаваше со спортски клубови и најавуваше финансиска поддршка за учениците од прво одделение.

Во обратен пример, на голем број настани и активности организирани од државни и општински органи или јавни претпријатија учество земаа кандидати или пак на настаните беа вклучени елементи од изборната кампања, со што се спојуваа редовните државни работи или активности за вклученост во заедницата со промовирањето кандидати, засилувајќи ја видливоста и информирањето за кандидатите. Иако овие случаи беа помалобројни во апсолутна смисла, вакви јавни настани, замаглени со елементи од кампањата беа забележани во сите 26 општини кои беа дел од мониторингот, односно, вкупно 114 настани со релативно слична динамика во повеќето средини.

- На 8 октомври, Владата организираше Бизнис форум во Струмица. Иако настанот формално имаше за цел да се поддржи локалниот економски развој, во суштина придонесе за промоција на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Петар Јанков, кој одржа говор заедно со премиерот Мицкоски и други министри.

- На 15 и 17 октомври, во селото Радуша, беа одржани два државни настани – отворање на спортскиот терен „Берлин Арена“ од страна на Министерството за спорт и пуштање во употреба на локална здравствена амбуланта од страна на Министерството за здравство, каде што свое обраќање имаше и кандидатот на ВЛЕН за градоначалник на Сарај, Мухамед Елмази, поврзувајќи ги овие активности со својата кампања.
- На 17 октомври, премиерот Мицкоски, во својство на претседател на Владата, се сретна со кандидатите за градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ и со Североисточната стопанска комора, и иако тоа беше настан формално насочен кон економија, всушност ја зголеми видливоста на партиските кандидати.

Во исто време, улогата на локалните власти во некои општини беше позитивно оценета. На пример, општинската администрација во Битола, Чаир, Делчево, Штип и Дебар покажа професионално однесување и свесност за важноста на неутралноста за време на кампања, задржувајќи го фокусот на нивните основни должности за јавни услуги, без истакната вклученост во кампањата или политизирана комуникација. Останатите општини, како на пример Прилеп, останаа да бидат вклучени на позитивен начин, на пример преку организација на настани со учество на претставници од повеќе партии.

Беше забележана ограничена вклученост, во службено својство и во работното време, на јавните службеници и вработените во јавниот сектор (кои подлежат на построга законска регулатива) во настаните и активностите од кампањата низ општините што беа предмет на мониторинг. Сепак беа забележани неколку случаи во кои тие беа учесници или имаа поактивна улога, а беа добиени и извештаи за вршење суптилен притисок во рамките на институционалната хиерархија за да се присуствува или да се поддржат партиските активности. На пример, помеѓу двата изборни круга во Тетово, ВЛЕН организираше дневни кафе-акции во центарот на градот, при што беа забележани вработени од општината и јавните институции како активно учествуваат во работно време во политичка активност.

Во целина, честото и особено видливо учество на државни функционери во активности од кампањата, како и преклопувањето меѓу јавните настани и настаните од кампањата, создаде перцепција дека тоа е вообичаена и прифатена практика – дел од она што често се смета за координирани напори за промоција на партиски кандидати. Онаму каде тоа беше забележано, таквата вклученост беше сфатена како фактор што придонесува за нерамноправни услови меѓу кандидатите, особено за оние кои не се застапени во локалните или државните структури на моќ. Иако многу од случаите не претставуваат формално прекршување, недостатокот на јасни законски граници и упатства за дозволени форми на поддршка ја отежнува примената на етичките стандарди на јавната служба и принципот на одвоеност на службените должности од политичка активност.

## 4. Користење на комуникациите на државните институции и функционери за промоција на кандидати

**Правна рамка:** Врз основа на член 75-е став 4 од Изборниот законик, од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување, на медиумите — вклучително и радиодифузерите, печатените медиуми и онлајн порталите — им е забрането да објавуваат реклами финансирани од државниот или општинските буџети, или од субјекти што вршат јавни овластувања, освен оние што се дозволени со закон. Обврските за означување важат за сите платени кампањски материјали, вклучително и за оние онлајн. Сепак, кампањата на социјалните мрежи и на онлајн порталите останува нерегулирана.

Слично на тоа, употребата на општинските веб-страници во контекст на кампања и комуникацијата на јавните функционери, како и нивното севкупно учество во кампањата, не се предмет на никаква регулација.

**Забележани состојби:**
Набљудувачите спроведоа само ограничен мониторинг и главно го следеа контекстот на онлајн-комуникациите на општинските и јавните функционери. Посеопфатен извештај за ова прашање е подготвен од ИФЕС Северна Македонија, во партнерство со Фондацијата Метаморфозис.[7]
Забележаните состојби во рамки на мониторингот на злоупотребата на административните ресурси покажаа дека, паралелно со експлицитната поддршка и индиректната поддршка на кандидати преку промоција на јавни проекти и други постигнувања, употребата на институционални комуникациски канали и промотивни пораки од страна на јавни функционери на локално и централно ниво претставуваше уште една значајна карактеристика на кампањата. Партиски информации што промовираат кандидати на веб-страниците на општините ретко беа забележани, иако кај некои беа присутни, на пример, во Тетово. Истовремено, релативно често беше евидентирана употребата на официјалните профили на социјалните мрежи на локалните власти и државните функционери за отворена промоција на кандидати. Ова вклучуваше лични објави, како и споделени и ограничен број платени објави што промовираат кампањски активности или посочуваат на минати, тековни или планирани општински проекти и други постигнувања — некои со јасни, други со посуптилни врски со поврзани кандидати и партии.
Ваквата промоција на социјалните мрежи преку институционални и официјални профили на државните функционери беше пријавена од 10 општини, со поизразена застапеност во Кочани, Тетово, Македонски Брод, Бутел, Шуто Оризари, а со помалку извештаи од Струга, Кисела Вода, Штип, Куманово и Охрид.

*Примери:*

- Во Македонски Брод, официјално брендираните Фејсбук и Инстаграм профили на актуелниот градоначалник Жарко Ристески содржеа серија објави што ја промовираат неговата кампања, посочувајќи на реализацијата на различни јавни и инфраструктурни проекти.
- Во Тетово, општинските профили на социјалните мрежи често промовираа содржини со актуелниот градоначалник и претставници на владејачката коалиција.
- Во Бутел, на општинската Фејсбук страница беа споделувани објави за нови инфраструктурни проекти за време на кампањата и се преобјавуваше кампањска содржина за кандидатот за градоначалник на ВМРО–ДПМНЕ, Дарко Костовски, како на пример од неговото присуство на свеченост во градинка во Бутел.
- Во Врапчиште, градоначалникот и кандидат на НАИ промовираше градежни работи на неколку локации во општината преку својот официјален Фејсбук профил.
- Во Гостивар, в.д. градоначалникот и кандидат на НАИ ја промовираше завршницата на градежните работи на една од градските улици преку своите официјални профили на социјалните мрежи.
- Официјалните профили на актуелниот градоначалник на Липково имаа објави со неколку видеа со општински службеници и директори на јавни претпријатија, прикажувајќи завршени или тековни инфраструктурни проекти, како што е регулацијата на речното корито во Слупчане, подобрување на водоснабдувањето и локални патишта.

[7] https://metamorphosis.org.mk/en/

- Во платена објава на Фејсбук, на 7 октомври, министерот Зоран Љутков го промовираше своето и учеството на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Тимчо Муцунски и на кандидатот за градоначалник на Скопје, Орце Георгиевски, во активностите на ВМРО-ДПМНЕ од врата на врата за поддршка на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ и градоначалникот на Бутел, Дарко Костовски.

Иако комуникациите на социјалните мрежи не се експлицитно уредени во постојната законска регулатива, сепак одразуваа елементи на неформално давање институционална предност, и земено заедно со другите форми на поддршка, создаваат ризик да се наруши еднаквоста во изборната трка преку замаглување на границата помеѓу легитимната институционална промоција и водењето изборна кампања.

## Поглед кон иднината

Врз основа на погоре наведените согледани состојби и наоди ќе биде изработен Конечен извештај за да се обезбеди целосната слика за прашањата поврзани со злоупотребата на административните ресурси опфатени со спроведениот мониторинг.

Покрај продлабочената анализа врз основа на целосните квантитативни и квалитативни податоци, ќе бидат опфатени и областите кои се помалку изразени или кои не се целосно обработени во овој Прелиминарен извештај. Меѓу останатото, ќе се даде осврт на следното:

- Однесувањето на полицијата и останатите служби за јавна безбедност од аспект на нивната обврска за неутралност;
- Улогата на трети лица во поддршката на кампањата на кандидатите на изборите;
- Влијанијата што се вршат со практиките за злоупотреба на административните ресурси врз ранливите и недоволно застапените групи, вклучително и врз жените, помалите етнички заедници и лицата со попреченост;
- Согледувања за состојбата со злоупотребата на административните ресурси за време на изборниот молк и на самиот ден на гласањето.

Конечниот извештај ќе обезбеди и понатамошна оценка на состојбите за конкретни општини и споредба помеѓу општините, нагласувајќи ги забележаните добри практики за време на мониторингот, и ќе даде препораки за подобрување на законската регулатива и на праксата. Извештајот е предвидено да биде објавен во февруари 2026.

## За ИФЕС

Во својата тековна поддршка за доброто владеење во Северна Македонија, ИФЕС обезбедува наменска помош на низа чинители — државни институции, политички партии, граѓанско општество и граѓани — за да се зајакне знаењето и разбирањето на изборните процеси и да се унапредат демократските реформи во земјата.

Одрекување од одговорност: Како дел од поддршката на ИФЕС за локалните избори во 2025, овој Прелиминарен извештај од спроведениот мониторинг беше подготвен во рамките на *проектот Отпорни институции на Балканот за демократско владеење и избори (BRIDGE),* финансиран од Владата на Обединетото Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје, и *Програмата за поддршка на изборите* на Швајцарската агенција за соработка и развој во Северна Македонија, што се спроведува од страна на ИФЕС. Содржината на овој извештај неопходно не ги отсликува ставовите на донаторите, проектите или партнерите за имплементација.

## АНЕКС I: Состави на коалициите во набљудуваните 26 општини:

1. Коалиција „Твоја Македонија“ - ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија-ДПСМ, Демократски сојуз-ДС, Српска напредна странка во Македонија-СНСМ, Бошњачка народна партија-БНП, Демократски сили на Ромите-ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија-ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија-ГЛАС, Нова либерална партија-НЛП, Социјалдемократска унија-СДУ, „Роми Обединети од Македонија“-РОМ, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета партија за еднаквост на Ромите-ОПЕР, Достоинство, Македонски концепт-МКонцепт, Партија на Хрватите во Македонија-ПХМ, Македонска акција-МААК, предводена од ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство).
2. „Коалиција за Локални избори 2025“ – Социјалдемократски сојуз на Македонија-СДСМ, Нова Социјалдемократска партија-НСДП, ВМРО-Народна партија-ВМРО-НП, Партија на движење на Турците во Македонија-ПДТ, Десница, Партија за општествен и економски напредок-ПОЕН, Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите-ПДПР, Централна Демократска Унија-ЦДУ.
3. Коалиција ВЛЕН (Движење Беса, Демократско Движење, Алтернатива).
4. Коалиција Национална алијанса за интеграција – НАИ (ДУИ – Демократска унија за интеграција, АА – крило на Алијансата за Албанците на Зијадин Села, АА – крило на Алијансата за Албанците на Арбен Таравари, Народно движење, ЛП – на Скендер Реџепи – Зејд).

# АНЕКС II: Сумирани извештаи по општини

## II.1. Сумиран извештај за општина Битола

Одговорна граѓанска организација: ИНТЕРАКТИВ - Битола
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: interaktivbitola@gmail.com

**Профил на општината**

Битола е една од најголемите општини и значаен политички и економски центар во југозападниот дел на земјата. Поголемиот дел од населението од приближно 85.000 жители се етнички Македонци, односно близу 88,7%. Политичкиот амбиент во општината се карактеризира со голема конкурентност, со активни партиски структури, и интензивни активности во кампањата главно од страна на двете најголеми партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и од помалите политички субјекти. На овие избори, актуелниот градоначалник Тони Коњановски (ВМРО-ДПМНЕ) се кандидираше за повторен избор, соочувајќи се со Методија Куновски (СДСМ) и неколку други кандидати. Двете партии водеа активни кампањи и го мобилизираа своето членство, со висок политички влог за преземање на лидерството на локално ниво. Иако Коњановски се сметаше за фаворит на изборите, опозициската кампања на Куновски беше со значаен и видлив ангажман. ВМРО-ДПМНЕ доби силно мнозинство во локалниот совет. Изборите завршија со првиот круг од гласањето.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, кампањата во Битола беше конкурентна, но соодветно организирана, со одржани поголем број митинзи, кампања од врата до врата и маалски средби. Од следењето на активностите во кампањата, институционалната комуникација и јавните настапи на функционерите, не беа забележани практики што јасно би укажале на преклопување на службените должности со активностите во кампањата. Некои од собирите за кампањата, според наводите, се одржале во јавни објекти или во нивна близина, како училишта или културни домови. Иако остана нејасно на каква формална основа биле обезбедени тие објекти, не беа добиени извештаи за дискриминирање во однос на пристапот, ниту пак се чинеше дека тоа се должи на преференции или поддршка од институциите. Не беа забележани случаи на користење службени возила за кампањата.
Државните функционери повремено беа присутни на настаните од кампањата на кандидатите. Сепак, се чинеше дека тие главно се присутни во својство на приватни лица или како партиски претставници, без да се користат службени обележја или звања. Во пораките упатени од функционерите или во нивното обраќање на јавните настани понекогаш индиректно се промовираа кандидатите и нивните кампањи се поврзуваа со различни достигнувања на локално или централно ниво. Сепак, не беа забележани случаи на официјално отпочнување на нови државни или инфраструктурни проекти или нивно свечено отворање, или некакви други селективни или привилегирани набавки или вработувања. Општинската администрација ги извршуваше своите должности професионално и непристрасно, и не постоеја докази за вклученост на државни службеници во кампањата во текот на работното време или за време на службените обврски. Иако општината продолжи со информирањето на социјалните мрежи и за време на кампањата, споделените содржини беа главно од административен карактер и тоа не премина во споделување на промотивни пораки.

Локалните медиуми имаа активна улога во медиумското покривање на кампањите на сите учесници на изборите, иако беше забележана политичка наклонетост во неколку случаи. Во целина, набљудувачите не забележаа практики што би укажале на распространета, систематска или намерна злоупотреба на административни ресурси. За таквите наоди свој удел имаше зголемената контрола од јавноста и медиумите, информираноста на институциите за обврските за неутралност и видливите напори за постапување според правилата.

## II.2. Сумиран извештај за општина Боговиње

Одговорна граѓанска организација: Здружение за социјален развој – За Тетово
Период на мониторинг: 15 септември - 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: ramadan.murtezani1@gmail.com

**Профил на општината**

Боговиње е претежно рурална општина со етничко албанско население, во чиј состав влегуваат неколку околни села со околу 22.000 жители. Силните лични и социјални врски се карактеристични за општината и тоа во голема мера ја обликува јавната комуникација и пристапот до локалните институции. Кампањата во Боговиње беше опишана со висок степен на мобилизација, со видливи и интензивни активности во кампањата на двете главни албански коалиции, НАИ и ВЛЕН, од кои и двете имаат активни партиски структури и мрежи во заедницата. Покрај тоа што градоначалникот во заминување, со партиска припадност на коалицијата НАИ, се кандидираше за нов мандат, кандидатот на ВЛЕН победи на изборите за градоначалник, додека општинскиот совет и понатаму ќе биде со мнозинство членови од НАИ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Набљудувачите во Боговиње известија за неколку практики кои вклучуваат или се граничат со злоупотреба на административни ресурси. Дел од забележаните практики се однесуваа на користењето јавни објекти, односно, настаните од кампањата за кандидатот на НАИ се одржуваа во училишни згради и други општински објекти, без транспарентна постапка за одобрен пристап. Набљудувачите забележаа дека овие простории беа полесно достапни за кандидатите на НАИ отколку за останатите учесници на изборите. Сепак, набљудувачите исто така известија дека оваа слика се измени подоцна во кампањата, како што структурите на ВЛЕН, поддржани од повисоки партиски фигури од Тетово, значително ги зголемија своето присуство и мобилизација. Набљудувачите исто така известија за неколку случаи на користење возила на државни институции, главно поврзани со претставници на ВЛЕН.

Друга повторлива практика се однесуваше на присуството на државни службеници, вклучително и на училиштен кадар и вработени во општината во активностите за кампањата. Нивната вклученост делуваше дека е неформална и дека е поврзана со заедницата и политичките мрежи и дека не се должи на формално дадени инструкции. Сепак, бидејќи таквото учество беше концентрирано најмногу околу кандидатот на НАИ, тоа придонесе да се создаде впечаток за блискост со институциите и нерамномерни услови во некои делови од општината.

Набљудувачите забележаа и неколку случаи кога локални функционери беа присутни на настаните од кампањата во поддршка на кандидатот на НАИ, а подоцна во кампањата, и од претставници од централната власт - во поддршка на кандидатот на ВЛЕН.
Иако тие експлицитно не се повикуваа на својата институционална улога, нивната видливост во кампањата го засили впечатокот дека некои делови од администрацијата се политички наклонети. На некои од тие настани се споменуваа јавни проекти што веќе биле планирани или се во тек, и иако тоа не беше застапено во голема мера, сепак политичката порака се поврзуваше со елементи од активностите на општината.

Институционалните канали за комуникација беа главно неутрални, иако неколку советници на НАИ и јавни личности споделуваа пораки од кампањата на социјалните мрежи, вклучително и за време на изборниот молк, што го засили впечатокот дека институционалната и политичката улога се недоволно раздвоени.

Во целина, според наодите на набљудувачите тоа имаше негативно влијание врз рамноправните услови за водење кампања. Комбинацијата од силни локални партиски мрежи, тесно поврзани структури во заедницата и руралниот карактер на општината се сметаа за фактори кои ја обликуваа и кампањата и практиките за злоупотреба на административни ресурси.

## II.3. Сумиран извештај за општина Бутел

Одговорна граѓанска организација: Three C Consulting
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: contact@3cconsulting.co

**Профил на општината**

Бутел е урбана општина во северниот дел на Скопје. Општината има мултиетнички состав, со мнозинска македонската етничка заедница, и бројна албанска, ромска и турска заедница. Бутел е политички конкурентна општина, при што ВМРО–ДПМНЕ и СДСМ традиционално ја добиваат локалната власт, додека ДУИ има помало, но стабилно гласачко тело. Во општината се водеше активна и видлива кампања. ВМРО–ДПМНЕ, предводена од актуелниот градоначалник, водеше динамична кампања со комбинација на посети од врата на врата, митинзи и интензивна активност на социјалните мрежи. СДСМ имаше теренски активности и средби по населбите од помал обем. ДУИ (како дел од коалицијата НАИ) беше главно насочена на онлајн кампања и пораки до заедницата, но откажа дел од настаните по безбедносниот инцидент со еден од нивните кандидати. Локалниот совет е составен од мнозинство советници од ВМРО–ДПМНЕ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Близината на општината до главниот град придонесе за силна вклученост на политички чинители од национално ниво, и од партиите на власт и од опозицијата. Министри, пратеници и други високи претставници присуствуваа на митинзите и јавните настани во поддршка на своите кандидати. Сепак, видливоста на функционерите од владејачката партија и нивното нагласување на тековни или планирани владини проекти им даде одредена предност на нивните кандидати, зајакнувајќи го впечатокот за институционална поддршка. Актуелниот градоначалник активно ја промовираше својата кандидатура и тоа дополнително ги зацврсти впечатоците за предностите што ги носи јавната функција.

Дополнителна загриженост предизвикаа извештаите според кои дел од вработените во општината и јавните институции биле охрабрувани од нивните раководства да присуствуваат или да поддржуваат одредени активности во кампањата.
Преку теренското набљудување беше директно посведочено дека локални државни службеници понекогаш учествуваа или помагаа во организирањето настани во текот на работното време, особено во рамки на кампањата на актуелниот градоначалник.

Мониторингот исто така покажа дека јавните објекти, вклучително и општинските простории и јавен простор, повремено беа користени за настани од кампањата, најчесто од страна на ВМРО–ДПМНЕ и СДСМ. Иако во поголемиот број случаи тоа беше прикажано како оправдано и не беа забележани случаи на привилегиран пристап, сепак придонесе да се стекне впечаток за нерамномерен пристап до институциите. Не беа потврдени случаи на користење службени возила; сепак, видливоста на институционални логоа или возила на јавни настани посочуваше на одредена вклученост на институциите во давањето логистичка поддршка.
Политичката комуникација во Бутел во голема мера се потпираше на социјалните мрежи. Кандидатите и политичките партии користеа лични и партиски профили за промоција на активностите, постигнувањата и локалните проекти. Иако не беше забележана злоупотреба на официјалните општински страници или институционални канали за комуникација, во објавите за кампањата се поврзуваа јавните инфраструктурни проекти и услуги со одредени партиски иницијативи, засилувајќи го впечатокот за преклопување меѓу власта и кампањата.
Во целина, мониторингот покажа умерено, но сепак забележливо користење на административните ресурси. Иако не станувaше збор за системска злоупотреба, сепак таквите практики придонесоа за нерамноправни услови, особено обесправувајќи ги кандидатите со помалку ресурси или независните кандидати. Факторите кои придонесоа за ваквата состојба се однесуваат на тесната поврзаност на политичките структури на локално и централно ниво, користењето на постигнувањата на власта во наративите за кампањата, и слабите институционални механизми за надзор. Високиот степен на политичка поларизираност и ниската информираност на јавноста за ограничувањата за употреба на административни ресурси дополнително ја зацврсти толеранцијата за неформалното преклопување на институционалната и политичката активност.

## II.4. Сумиран извештај за општина Дебар

Одговорна граѓанска организација: КАБ Струга 2017
Период на мониторинг**:** 15 септември – 02 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: kabstruga@outlook.com

**Профил на општината**

Дебар е мала општина со околу 15.400 жители со мешан етнички состав, односно, околу 55% Албанци и 18% Турци, додека останатите се Македонци и Роми. Општината се карактеризира со умерено конкурентна политичка средина. На овие избори, Дебар имаше три кандидати за градоначалник: Илириан Фетаху од коалицијата НАИ, Фисник Мења како кандидат на коалицијата ВЛЕН и Рамадан Имери како независен кандидат. Коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ не истакнаа свои кандидати за градоначалник, но учествуваа со советнички листи како и во претходните изборни циклуси. Во составот на локалниот совет коалицијата ВЛЕН има само еден советник повеќе од коалицијата АКИ. Изборите завршија по вториот круг на гласање.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, активности за кампањата во Дебар се одвиваа организирано и транспарентно. Набљудувачите не евидентираа значајни случаи на злоупотреба на административни ресурси. Јавните институции – вклучително и општинските органи, училиштата и јавните претпријатија – ги извршуваа своите обврски неутрално. Не беше забележана употреба на јавни објекти за партиски цели, ниту користење на службени возила или службена опрема во рамки на кампањата.

Носители на јавни функции не беа забележани дека присуствуваат на активности во кампањата во својство на службени лица. Нивното однесување беше во согласност со законските обврски, а не беа забележани преклопувања меѓу службените задачи и политичкото промовирање. Институционалната комуникација – и на општинско ниво и од страна на функционери – беше со административна содржина и не содржеше пораки што би можеле да се толкуваат како поддршка за одредени кандидати или партии.

Забележани беа мали и изолирани нерегуларности од страна на набљудувачите и тие не беа координирани, ниту пак системски или институционално поттикнати. Присуството на набљудувачи, заедно со општата јавна и медиумска информираност за правилата за неутралност, придонесоа за воздржаноста кај функционерите и политичките актери. За време на кампањата не беа утврдени случаи на селективни јавни набавки, отворање проекти или преференцијално трошење јавни средства.

На денот на изборите и за време на предизборниот молк, процесот помина мирно, без знаци на притисоци, заплашување или вклученост на државни службеници во партиски активности. Локалните медиуми известуваа избалансирано и не беа забележани практики на институционално промовирање на политички кандидати.

Севкупно, наодите од мониторингот не покажаа распространета, системска или намерна злоупотреба на административни ресурси. Големината на општината, општествената видливост и зголемената претпазливост кај институционалните актери одиграа важна улога во спречувањето на злоупотреби, додека присуството на набљудувачи придонесе за поголема транспарентност и отчетност.

## II.5. Сумиран извештај за општина Делчево

Одговорна граѓанска организација: Евротинк - Центар за европски стратегии
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: dimitar.nikolovski@eurothink.mk

**Профил на општината**

Делчево е мала општина во источниот дел на земјата со околу 15.000 жители, главно со македонска етничка припадност. Политичкиот пејзаж е конкурентен, со коалициите предводени од ВМРО–ДПМНЕ и СДСМ како главни актери, како и помали политички групи како Левица. Локалната кампања беше значително потивка во споредба со поголемите општини, со помалку јавни настани и поголем степен на кампања од врата до врата. На овие избори, кандидатот на коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ, Иван Гоцевски, беше меѓу водечките кандидати, наспроти кандидатот на коалицијата предводена од СДСМ, Дејан Глинчарски. Иако кампањата имаше ограничена видливост, двете поголеми партии ги мобилизираа своите структури, додека функционери од централното ниво на коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ повремено присуствуваа на локалните настани, индиректно засилувајќи ја позицијата на нивниот кандидат. Коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ има силно мнозинство во општинскиот совет. Изборите завршија со првиот круг од гласањето.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, во Делчево генерално се водеше уредно организирана изборна кампања без распространета или системска злоупотреба на административните ресурси. Обемот на активностите во кампањата беше умерен, со мал број на јавни собири и неколку настани организирани во јавни објекти. Во најголем дел од активностите, не беа користени јавните објекти, опрема и службени возила за целите на кампањата, и не беше известено за случаи на дискриминаторски пристап до јавните објекти.

Во мал број ситуации беше забележано присуство на функционери од централно ниво, најчесто надвор од работно време, на настани каде присуствуваше и кандидатот за градоначалник од ВМРО–ДПМНЕ. Иако не беше утврдено користење на службени обележја или државни ресурси, присуството на високи функционери – како премиерот, заменик-министри или владини претставници – индиректно имаше ефект за промовирањето на локалниот кандидат на владејачката партија. Возилата што ги придружуваа функционерите не беа јасно обележани, и тоа ги отежна напорите да се оцени дали се користени државни ресурси.

Локалните државни службеници не беа забележани дека учествуваат во кампањата во текот на работното време, а не беа евидентирани ниту случаи на нивна вклученост во политички активности во службено својство. Каналите за комуникација на општината останаа неутрални, насочени кон административни содржини, без промоција на изборни кандидати.

Локалните медиуми, особено онлајн порталите, активно известуваа за настаните во кампањата. Забележан беше еден инцидент – предвремено објавување на резултатите од гласањето на немоќни и болни лица, на страница поврзана со младински структури на ВМРО–ДПМНЕ. Објавата беше за кусо време отстранета и предизвика реакции од опозициските кандидати и медиумите, при што беше изразена загриженост околу погрешното информирање, но не и за злоупотреба на административни ресурси.

Важно е дека за време на кампањата не беше забележано упатување на нови јавни проекти, отворања, вработувања или буџетски одлуки. Институциите генерално се придржуваа кон обврските за неутралност, а зголемената претпазливост – делумно поврзана со апсењето на локалниот полициски началник пред кампањата – придонесе за повисок степен на внимателност кај државните функционери.

Во целина, злоупотреба на административни ресурси во општината Делчево беше на ниско ниво, со неколку изолирани случаи кои главно се однесуваа на присуство на високи функционери на партиски настани и еден случај на погрешно онлајн информирање. Институционалното потсетување што го вршеше Општинската изборна комисија и надзорот од локалните набљудувачи помогнаа да се зајакне придржувањето до правилата и да се обезбеди пофер атмосфера во кампањата.

## II.6. Сумиран извештај за општина Долнени

Одговорна граѓанска организација: Асоцијација за рурален развој ЛАГ Агро Лидер
Период на мониторинг: 15 септември - 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: danielacvetanoska@yahoo.com

**Профил на општината**

Долнени е рурална општина со мешан етнички состав, во која доминираат албанската и македонската заедница, заедно со помала турска заедница и други групи. Изборниот натпревар се одвиваше активно и главно го водеа поголемите партии, особено ВМРО–ДПМНЕ и ДУИ (дел од коалицијата НАИ), кои организираа најголем број настани и мобилизираа силни локални партиски структури. ВМРО–ДПМНЕ се фокусираше на срединиите со мнозинско македонско население, додека ДУИ беше најактивна во албанските заедници. СДСМ имаше видлива но поскромна кампања, а ВЛЕН го засили своето присуство кон крајот на кампањата, со поддршка од претставници од централното ниво. Независните кандидати и помалите групи останаа речиси неактивни, што укажува на поограничен капацитет и влијание.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во текот на кампањата**

Со оглед дека локалната власт беше предводена од опозициската ДУИ, а дел од кандидатите за градоначалник беа од владејачките партии, во Долнени се разви специфична политичка динамика која отвораше можности за злоупотреба на административни ресурси од разни политички сили.

Мониторингот покажа дека кандидатот на ДУИ и нивната советничка листа добиваа поддршка и промоција од страна на актуелниот градоначалник. Јавните објекти, општинскиот кадар и локалните ресурси беа користени за целите на кампањата, создавајќи впечаток за институционална пристрасност. Иако не секогаш во директна спротивност со законот, видливата вклученост на градоначалникот во промовирањето на една страна го наруши впечатокот за неутралност. Дополнително, беше пријавена загрижувачка пракса дека претпоставени лица во јавните институции вршеле притисок врз вработените да присуствуваат на настаните на ДУИ или да изразат поддршка – што претставува форма на институционална принуда заснована на хиерархија и страв за несигурност на работното место.

Кандидатот на ВМРО–ДПМНЕ доби видлива поддршка од централната власт, особено во вториот круг од гласањето, со олеснет пристап до државни ресурси, институции и високи државни функционери. Во кампањата беше забележано и присуство на министри и владини претставници, учество на административни службеници во активности од кампањата, како и јавни настани на коишто се искористуваа тековните или планирани владини проекти за да се засилат политичките пораки. Овие обрасци на однесување создадоа впечаток дека се дава предност на кандидати поврзани со владејачките партии.

Слични трендови беа забележани и кај кампањите на ВЛЕН и СДСМ, чии митинзи и средби често се одржуваа во јавни објекти и со присуство на владини функционери, директори на јавни институции и вработени во јавниот сектор. Севкупно, јавните простории, вклучително и училиштата и други општински објекти, се користеа од повеќе партии без јасна оправданост или институционална реакција во случаи кога користењето беше неовластено. Позитивно е тоа што не беше евидентирана употреба на службени возила за целите на кампањата.

Мониторингот покажа умерено, но видливо користење на административни ресурси, коешто делумно ги поткопа еднаквоста и фер условите во изборната трка, особено ставајќи ги во неповолна положба помалите партии и независните кандидати. Високиот степен на политизираност на институциите, слабиот надзор и недоволната информираност за забранетото однесување беа идентификувани како клучни фактори што придонесоа за овие практики.

## II.7. Сумиран извештај за општина Валандово

Одговорна граѓанска организација: Национална мрежа „Жени за жени“
Период на мониторинг: 15 септември – 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: o.eftimovska@zenite.mk

**Профил на општината**

Валандово е мала општина во југоисточниот дел на државата, со население главно составено од етнички Македонци (околу 77,7%), и помалубројни заедници на Турците, Србите и Ромите. Атмосферата за време на кампањата во Валандово беше генерално мирна. И покрај конкуренцијата меѓу кандидатите од главните политички партии, што внесуваше одредена политичка динамика, во целина активностите во кампањата беа ограничени. Во споредба со поголемите заедници, се одржаа помал број на настани, јавни собири и  имаше прониска видливост на материјалите за кампањата. Комуникацијата на кандидатите со гласачите главно беше заснована на помали средби во заедницата, локални мрежи и кампања од врата до врата. Претставници на ВМРО–ДПМНЕ имаат најголемо мнозинство во општинскиот совет. Во вториот круг од гласањето, кандидатот на ВМРО–ДПМНЕ го победи актуелниот градоначалник од СДСМ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

За време на периодот на мониторингот, административни ресурси се користеа во различен степен, зависно од политичката и институционалната припадност на кандидатите. Актуелниот градоначалник, кој се кандидираше за трет мандат, се потпираше главно на локалните ресурси, вклучително и на човечките ресурси во општината и поддршката од советниците, а исто така за кампањата се служеше со промоција на претходни достигнувања со општински проекти. Противникот се потпираше на поддршката од централно ниво, особено логистичка помош, поголема политичка изложеност и презентирање на тековни државни проекти. Иако не станува збор за прекршување на законите, таквото упатување на јавни проекти ја замаглуваше границата помеѓу достигнувањата на власта и промовирањето во кампањата, создавајќи перцепција за институционална поддршка и од локално и од централно ниво за соодветните кандидати.
Државните функционери понекогаш учествуваа во активностите од кампањата на кандидатите кои ги поддржуваа, на начин кој изгледаше како нивно официјално учество. Нивната видливост и значајни улоги, особено на претставниците на институциите на централната власт, придонесуваа за нерамноправен терен, при што се зајакнуваше изложеноста во јавноста и информирањето за кандидатите. Позитивно е тоа што немаше докази за вработени во јавниот сектор кои се вклучувале во активности од кампањата во текот на работното време. Исто така, не беа забележани партиски или промотивни пораки преку официјалните општински канали, иако беа забележани изолирани случаи на објави на профилите на државните функционери на социјалните медиуми во врска со кампањата.

Ограничен број настани во кампањата се одржаа во јавни објекти, како што е локалниот дом на културата. Иако беше известено дека просториите биле обезбедени на основ на формално поднесени барања и дека било платено, без индикации за дискриминирачки пристап или привилегирано користење, сепак се создаде перцепција за преклопување на институционалните и политичките активности. Охрабрува тоа што и политичките и институционалните чинители покажаа свесност и настојување да се придржуваат до ограничувањата поврзани со користењето на јавни објекти, и не беа забележани случаи на користење службени возила.
Во целина, употребата на административни ресурси во Валандово беше оценета како умерена, но доволно забележлива за да влијае на перцепцијата за еднаквост во изборниот натпревар. Малата и тесно поврзана заедница се чинеше дека негува одреден степен на отчетност и транспарентност, ограничувајќи го просторот за очигледни злоупотреби. Истовремено, вкоренетите партиски структури и политичката лојалност во јавниот сектор овозможуваа да се користат посуптилни и втемелени форми на вршење влијание во кампањата.

## II.8. Сумиран извештај за општина Врапчиште

Одговорна граѓанска организација: Вердевита
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: sefedinjonuzi01@gmail.com

**Профил на општината**

Врапчиште е рурална општина во Полошкиот регион каде живеат 83% Албанци, 13% Турци, а останатите се Македонци и Роми. Се водеше особено активна кампања и периодот се карактеризираше со видлива мобилизација од страна на клучните конкуренти, кандидатот на коалицијата ВЛЕН - Мехмет Сефери и кандидатот на коалицијата НАИ- Исен Шабани. Иако коалицијата ВЛЕН не организираше јавни настани во последната недела од кампањата, коалицијата НАИ одржуваше редовни активности за контакт со гласачите. И покрај тоа што општината влезе во повторен изборен циклус поради недоволна излезност во првиот круг, коалицијата НАИ обезбеди силна застапеност во локалниот совет.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

За време на периодот на мониторинг, се спроведуваа чести активности за кампањата во Врапчиште, но генерално на организиран начин. Контактите со гласачите се одвиваа во партиски простории или на приватни локации, иако беа забележани неколку собири во или околу јавни објекти. Иако оправдувањето за пристап до одреден простор не беше секогаш формално документирано, во сите идентификувани случаи не беше забележана дискриминација, објектите беа достапни и немаше индикации за привилегиран третман од страна на локалните институции.
Не беше забележана злоупотреба на службени возила или опрема на јавни институции. Државните службеници не беа забележани како учествуваат во активности од кампањата во текот на работното време, и немаше известувања за политички пристрасно однесување или заплашување од страна на полицијата и службите за обезбедување. Државните функционери повремено присуствуваа на настаните во кампањата, но нивното учество главно беше во политички или приватен капацитет. Во некои од говорите се поврзуваа институционалните достигнувања со кандидатите, но овие случаи не претставуваа неправилно мешање на службената функција со кампањата.

Беше забележан мал број на јавни/општински настани со индиректен ефект врз изборното промовирање, вклучително и саем на храна на кој присуствуваше кандидатот на коалицијата НАИ во основното училиште во Градец.

Институционалните комуникациски практики генерално ја задржаа професионалноста. На општинската веб-страница и на социјалните мрежи не се промовираа кандидати, и ниту еден печатен или дигитален комуникациски канал во јавна сопственост не беше користен за партиски цели. Сепак, кандидатот на коалицијата НАИ ја користеше својата официјална Фејсбук страница за да ги прикаже проектите за патната инфраструктура и инфраструктурните подобрувања, што може да се толкува дека се граничи со промотивни содржини во контекст на кампањата.

Беа забележани неколку случаи со вклученост на трети страни, како на пример изолирано користење на простории кои бесплатно им се даваа на кандидатите, но без индикации за систематска координација. Локалните набљудувачи известија за веродостојни информации дека е постигнат политички договор помеѓу кандидатот на коалицијата АКИ и Турската демократска партија (ТДП), што се толкуваше како политичко усогласување, а не како злоупотреба на административните ресурси.

Во целина, не беше документирана систематска, распространета или намерна злоупотреба на административните ресурси. Атмосферата остана мирна, набљудувачите имаа целосен пристап до настаните, а правилата за изборен молк и гласање беа почитувани.

## II.9. Сумиран извештај за општина Гостивар

Одговорна граѓанска организација: Вердевита
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: sefedinjonuzi01@gmail.com

**Профил на општината**

Гостивар е голема и урбана мултиетничка општина во Полошкиот регион, со околу 80.000 жители и бројна албанска, македонска, турска и ромска заедница. Политичкиот амбиент е традиционално конкурентен, обликуван од силни партиски мрежи, врски во заедницата и долготрајно ривалство меѓу главните партии од албанскиот политички блок, како и други партии на национално ниво. За време на локалните избори во 2025 година беа забележани активности на повеќе учесници во кампањата, вклучително и од ВЛЕН, НАИ, ВМРО–ДПМНЕ, СДСМ и други. Најчести беа настаните поврзани со двете главни албански коалиции како резултат на присуството и видливоста на нивната локална организација, додека другите учесници беа активни, но со помал интензитет.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во текот на кампањата**

Иако во целина наодите поврзани со злоупотребата на административни ресурси во Гостивар се ограничени, мониторингот сепак укажа на амбиент во кампањата каде границата помеѓу институционалната улога и политичката активност понекогаш беше замаглена, главно поради користењето јавни објекти и учеството на носители на функции во кампањата.

Во однос на јавните објекти, набљудувачите регистрираа неколку случаи кога објекти во јавна сопственост беа користени за активности поврзани со кампањата. Тоа се однесуваше на настани одржани во Домот на културата во Гостивар за промоција на кандидати и листи, како и користење на општински јавен простор во центарот на градот и спортската сала во едно средно училиште за активности организирани од младинските структури на различни политички опции. Иако овие локации ги користеа повеќе учесници на изборите во текот на кампањата, користењето на јавни објекти за изборна промоција отвори прашања за неутралноста на институционалните капацитети и условите под кои тие биле ставени на располагање.

Друга повторлива појава се однесуваше на учеството на носители на функции на настани од кампањата. Набљудувачите забележаа неколку митинзи и средби на кои јавни личности, вклучително и в.д. градоначалникот, локални советници и претставници од централно ниво, учествуваа на промоцијата на одредени кандидати на изборите. На повеќе вакви настани, од кои некои беа одржани надвор од редовното работно време, функционерите беа претставувани со нивните институционални титули или се обраќаа од позиции тесно поврзани со нивната државна функција, зајакнувајќи го впечатокот дека службената положба е испреплетена со пораките во кампањата.

Набљудувачите исто така посочија на начинот на кој општинските постигнувања и тековните јавни проекти беа користени во наративот на кампањата. Иако тоа честопати беше претставено како информирање за работата на општината, временското темпирање и врамувањето на тие соопштенија придонесоа за впечатокот дека инвестициите во јавната инфраструктура се презентираат на начин што фаворизира одреден кандидат.

Во целина, наодите укажуваат дека забележаните практики - иако не претставуваат целосно документирана, систематска злоупотреба на административни ресурси- сепак имаа удел во создавањето впечаток за институционална наклонетост кон одредени политички актери и отворија прашања за еднаквоста на условите во кампањата.

## II.10. Сумиран извештај за општина Кисела Вода

Одговорна граѓанска организација: Евротинк - Центар за европски стратегии
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: dimitar.nikolovski@eurothink.mk

**Профил на општината**

Кисела Вода е урбана и густо населена општина општина во рамките на Град Скопје (околу 92% Македонци, останатите се Албанци, Роми, Турци и Срби) со активна политичка конкуренција и силни партиски структури. Како дел од регионот на главниот град, политичка динамика во општината е тесно поврзана со случувањата на национално ниво. За време на изборите во општината имаше посебни околности бидејќи актуелниот градоначалник на Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски (коалиција предводена од ВМРО–ДПМНЕ), се кандидираше за градоначалник на Град Скопје, и во изборната трка за Кисела Вода имаше друг кандидат. Тоа го удвои предизвикот во однос на мониторингот на евентуалната употреба на влијание на двете нивоа – и на ниво на општина и на град.
Во главната политичка конкуренција за општината беа кандидатите поддржани од коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ – Бети Стаменкоска-Трајкоска, коалицијата предводена од СДСМ – Горан Трајкоски, од Левица – Јане Ацевски, како и кандидатите на неколку помали политички актери.

Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ обезбеди силно организирано присуство и видливост на кампањата, додека коалицијата предводена од СДСМ и Левица водеа активна кампања преку митинзи, средби и онлајн комуникација. Иако коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се сметаше дека доминира во однос на својата организираност, сепак и другите кандидати се мобилизираа и беа присутни меѓу локалните жители. Изборниот процес во Кисела Вода заврши во првиот круг од гласањето. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е со најголема застапеност во советот на општината.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во текот на кампањата**

Целокупната изборна кампања во Кисела Вода беше активна и конкурентна, со бројни митинзи, средби со граѓаните и онлајн промотивни активности. Наодите од мониторингот во сите периоди покажуваат дека политичките актери генерално беа претпазливи во поглед на директна злоупотреба на административните ресурси.
Загриженост предизвикаа само неколку изолирани случаи на можно преклопување на службените функции со активностите во кампањата. На еден митинг на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, беа забележани службени возила на претставници на централната власт (вклучително и на Премиерот), без црвени регистарски таблички, со полициско обезбедување. На истиот настан беа забележани промотивни материјали за кампањата на Орце Ѓорѓиевски како кандидат за градоначалник на Скопје, иако тоа не беше директно поврзано со злоупотреба на општински простории во Кисела Вода..
Не беше забележана систематска употреба на јавни објекти за целите на кампањата, освен еден изолиран случај во близина на јавен објект. На неколку настани од кампањата беа присутни државни функционери, претежно поврзани со коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, но без да се употребуваат службените титули, обележја или институционални канали за комуникација. Неколку државни функционери, меѓу кои и министер, споделуваа содржини од кампањата преку своите официјални профили на социјалните мрежи, но без да се користат општинските ресурси.
Не беа забележани случаи на државни службеници кои водат кампања во работно време, а полицијата и лицата од обезбедувањето се однесуваа неутрално. Исто така, не беа евидентирани нови јавни проекти, наменски набавки или социјални мерки во насока на добивање изборна предност. Општинската комуникација се задржа на ниво на административните содржини и без промовирање на ниту еден кандидат.
Материјалите за кампањата главно беа одвоени од јавната инфраструктура, со само минимална загриженост за изолирани случаи за нерамноправен пристап до рекламен простор. Во целина, широко распространета или намерна злоупотреба на административни ресурси не беше откриена во општина Кисела Вода. Беа забележани само спорадични ситуации и претежно поврзани со политичките чинители од централно ниво, додека општинската администрација задржа неутрален и професионален пристап за време на целата кампања.

## II.11. Сумиран извештај за општина Кочани

Одговорна граѓанска организација: Институт за истражување и анализа на политики-Ромалитико
Период на мониторинг: 15 септември - 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@romalitico@.org

**Профил на општината**

Кочани е средно голема општина, каде македонското население изнесува нешто над 93%. Во општината се застапени и помали заедници на Ромите, Турците, Бошњаците, Власите и Србите.
Општината претставува административен, образовен и економски центар на поширокиот регион, со релативно добро структурирана локална администрација и активен локален медиумски сектор. Овие карактеристики придонесуваат за поголема институционална видливост и јавен надзор отколку во повеќето рурални средини. Кампањата во Кочани беше оценета како умерена, но со изразена конкурентност. Главната трка се водеше меѓу ВМРО–ДПМНЕ и СДСМ, а активна улога имаа и независните кандидати, меѓу кои и в.д. градоначалникот. ВМРО–ДПМНЕ го одржа силното присуство во општинскиот совет и севкупно имаше поголема видливост во кампањата, додека СДСМ се потпираше повеќе на помали активности за контакт со заедницата.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во текот на кампањата**

Конфигурацијата на локалните политички сили го предодреди пристапот на кандидатите во кампањата и степенот до кој тие се потпираа на јавните ресурси. ВМРО–ДПМНЕ ја искористи својата посилна организациска структура и поголема присутност во јавниот живот, што овозможи и поголем капацитет за мобилизирање на поддржувачите и поголема видливост. СДСМ претежно одржуваше средби во помал формат во заедниците и неформална комуникација со граѓаните, потпирајќи се на локални мрежи, а не на блискоста со институциите. В.д. градоначалникот обезбеди одредено ниво на административна неутралност и не беше забележан дека постапува на начин за да се даде предност или да се обесправат одредени кандидати.

Во овој контекст, набљудувачите забележаа мирна атмосфера за време на кампањата, без изразени индикации за злоупотреба на административни ресурси. Иако партиите и кандидатите повремено ги користеа јавните објекти за средби во кампањата, според кажувањата тоа најчесто беше врз основа на поднесени барања и добиени одобренија, и не беа регистрирани забелешки од кандидатите за привилегиран пристап. Исто така, не беа забележани случаи на употреба на општински или службени возила на јавни претпријатија за целите на кампањата и логистиката беше очигледно организирана преку партиски, а не институционални ресурси.

Носители на јавни функции присуствуваа на некои од настаните во кампањата, но учествуваа во партиски, а не службен капацитет, без да се упатува на нивните службени функции во рамки на настаните. Истовремено, одредени високи политички чинители, особено од ВМРО–ДПМНЕ, при обраќањето кон гласачите посочуваа на тековни или планирани проекти финансирани од државата. Иако при обраќањата тие формално не се повикуваа на функцијата, сепак се создаде одредено преклопување меѓу политичките пораки и резултатите од јавните политики, преку суптилно поврзување на наративот на кампањата со резултатите постигнати на владино ниво.

Беа забележани случаи кога во активностите од кампањата беа присутни државни службеници – вклучително и општински службеници и вработени во јавни институции. Сепак, настаните за кампањата главно се одржуваа по работното време и не беа утврдени докази што би укажале на институционална координација или притисоци. Комуникацијата на локалните институции остана неутрална за време на кампањата, при што општинските онлајн канали објавуваа информации за рутински услуги без содржини од кампањата во корист на конкретен кандидат. Исто така, беше забележана активна употреба на службените профили на државните функционери на социјалните мрежи за политичко промовирање на кандидатите.

Во целина, наодите од Кочани упатуваат на низок ризик од злоупотреба на административните ресурси, без практики кои суштински или конзистентно ја нарушиле еднаквоста во можностите на кандидатите за водење кампања. Набљудувачите оценија дека за ваквите наоди придонесоа фактори, меѓу кои, и улогата на в.д. градоначалникот да постигне избалансираност, неутралноста и фокусот на општината на надлежностите за јавни услуги, како и воздржаноста на политичките актери.

## II.12. Сумиран извештај за општина Куманово

Одговорна граѓанска организација: Центар за асистенција
Период на мониторинг: 15 септември – 02 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@assistivecenter.org

**Профил на општина Куманово**

Куманово е една од најголемите општини во Северна Македонија во североисточниот дел од државата и позната по својот мултиетнички карактер. Со население од околу 100.000 жители, во општината живеат бројни заедници на Македонци, Албанци, Срби, Роми и Турци. На овие избори со свои кандидати настапија неколку коалиции: коалицијата предводена од СДСМ со Мартин Костовски, Движењето ЗНАМ – Максим Димитриевски, коалицијата АКИ – Слевер Ајдини, коалицијата ВЛЕН – Арбен Етеми, како и независниот кандидат Горан Стојковски — сите со силна локална структура и активна мрежа на поддржувачи. Иако атмосферата генерално беше мирна, беа забележани и изолирани тензии, вклучително и потврден физички инцидент меѓу партиски активисти, како и повремени забелешки за присуство на малолетници на настани од кампањата. Севкупно имаше висок степен на политичка конкуренција, со видливи заложби за мобилизирање на гласачите од страна на сите главни кандидати. Советот на општината има мнозинство советници од Движењето ЗНАМ. Изборите завршија во вториот круг од гласањето.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси во текот на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, атмосферата за време на кампањата во Куманово беше обележана со висок степен на политички активности, но релативно воздржано користење на административни ресурси. И покрај големината на општината, различностите и традиционално конкурентниот политички амбиент, повеќето претставници на институциите беа внимателни да ги одделат своите јавни функции од активностите во кампањата. Тоа се покажа и како речиси постојано отсуство на случаи на користење општински простории, службени возила, официјални комуникациски канали или присуство на државни функционери во службен капацитет за време на настаните од кампањата.

Тимовите за мониторинг присуствуваа на повеќе од сто политички собири во текот на неколку недели, но речиси сите активности се одржуваа на приватни или партиски локации, без докази за привилегиран пристап до јавни објекти. Исто така, не беа откриени случаи каде што општинска опрема, службена е-пошта или комуникациски алатки биле пренаменети за изборни цели. Таквата воздржаност придонесе кон амбиент во кој кандидатите се потпираа првенствено на партиските структури, личните мрежи и поддршката од приватниот сектор, наместо на мобилизација на јавни ресурси. Беше забележана ограничена, но сепак забележлива вклученост на приватни бизниси во обезбедување простор за политички средби. Неколку кафулиња, ресторани и сали за настани — како „Зафир“, „Бруклин“, „Зен“ и „Трговски“ беа користени за средби меѓу кандидати и поддржувачи.

Иако тоа не претставува злоупотреба на административни ресурси, сепак ја нагласува улогата на трети страни во олеснувањето на активностите за кампањата, особено во средина каде што јавните објекти не беа користени за политички цели. Тоа беа изолирани случаи и не укажуваат на систематска или координирана вклученост на трети страни.

Поголема загриженост предизвика вклученоста на малолетници во активностите за кампањата, односно, беа забележани деца на митинзи кои држеа партиски симболи и носеа промотивен материјал. Иако тоа директно не подразбира злоупотреба на јавни институции, ваквата пракса отвора етички прашања и е одраз на еден поширок тренд во кампањата на локално ниво со ставање приоритет на видливоста и мобилизирањето пред најдобрите практики за заштита на децата.

Друг изолиран инцидент за којшто се извести за време на кампањата се однесува на физички напад врз активисти кои дистрибуирале материјали, и истиот беше потврден од Министерството за внатрешни работи. Иако во инцидентот не беа вклучени лица од институциите, сепак тоа посочува на подлабоки тензии во политичкото опкружување и притисоци со кои се соочуваа некои од партиските структури на терен. Важно е дека инцидентот не се прошири и не резултираше со интервенција на институциите или селективно постапување од страна на надлежните органи.

Во текот на кампањата и за време на изборниот ден, комуникациските канали на институциите ја задржаа неутралноста. Локалните јавни претпријатија, општината и другите државни органи се воздржаа од промовирање на кандидати или тековни јавни проекти на начин што би можел да биде протолкуван како пренесување изборни пораки. Не се доделуваа нови јавни бенефиции, не се спроведуваа набавки или процеси на вработување за време на кампањата, што дополнително укажува на институционална воздржаност.

Во целина, забележаните трендови во Куманово укажуваат на изборна кампања што во голема мера се одвиваше без злоупотреба на административни ресурси, со само неколку изолирани инциденти коешто не посочува на постоење систематска институционална пристрасност. Конкурентниот политички контекст не се прелеа во институционално фаворизирање, а општинските функционери и раководните лица на локалните претпријатија задржаа генерално неутрален став во текот на целиот период.

## II.13. Сумиран извештај за општина Липково

Одговорна граѓанска организација: Центар за асистенција
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@assistivecenter.org

**Профил на општината**

Липково е рурална општина во североисточниот дел на државата, претежно населена со албанско население, со приближно 23.000 жители. Во општината традиционално постои висок степен на политичка ангажираност. Постои конкурентна политичката средина која во исто време е обележана со силни партиски структури и длабоко вкоренети локални мрежи. На овие избори, актуелниот градоначалник Еркан Арифи од коалицијата НАИ се кандидираше за повторен избор, и се соочи со кандидатот на коалицијата ВЛЕН, Нежмедин Садики. Иако кампањата во јавен простор беше со релативно умерена видливост, политичките актери беа активни преку теренски активности за информирање по населбите, средби со заедницата и интензивен ангажман на социјалните мрежи. Периодот на кампањата генерално помина мирно, со исклучок на изолиран инцидент во кој беше извршен вооружен напад на кандидат за општински совет, и тоа накусо го подигна степенот на загриженост но без да се наруши изборниот процес.
Изборите завршија со првиот круг на гласање, со мнозинство советници во општинскиот совет од коалицијата НАИ.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, кампањата во Липково се одвиваше со различна динамика. Иако поголемиот дел од практиките беа во рамки на прифатливите институционални ограничувања, беа забележани неколку трендови кои укажаа на употреба на јавните канали за комуникација, како и видливо присуство на индиректна институционална поддршка на кампањата на актуелниот градоначалник. Јавните настани беа ограничени, со само една позначајна активност во која личности од политиката беа претставени на начин што може да се протолкува како поврзан со кампањата. Не беа забележани случаи на учество на државни службеници во изборните активности во текот на работното време, ниту пак користење на општински простории или службени возила за целите на кампањата.
Сепак, во доменот на јавната комуникација и особено кон крајот на кампањата беше воочен еден јасен тренд. Имено, градоначалникот и локалните јавни претпријатија објавија серија видеа во коишто се истакнуваа тековните или завршените инфраструктурни проекти — како што се проектите за регулирање на речното корито во Слупчане, санирање на локалните патишта и проекти за водоснабдување. Овие објави, кои беа споделувани во периодот на кампањата, содржеа пораки со промотивна реторика („Заедно за општината што ја сакаме", „Работата продолжува според планот"), а во видеата беа вклучени и општински службеници или директори на јавни претпријатија. Иако формално тоа беше претставено како информирање за јавни проекти, временското темпирање и начин на презентација беа тесно усогласени со целите на кампањата, ефективно придонесувајќи за поголема видливост на актуелниот градоначалник.

Не беа идентификувани нови јавни инвестиции, набавки или вработувања надвор од усвоената општинска програма. Исто така, немаше случаи на дискриминаторски пристап до јавните објекти, селективно користење на јавни рекламни површини или злоупотреба на службена опрема.

Освен промотивните видеа по мерка на кампањата, комуникацијата преку општинските канали беше генерално административна, без објавување експлицитна поддршка на службените профили за одредени кандидати. Еден изолиран настан, односно, собир на неколку стотици жени по работно време, укажа на користење на мрежи во заедницата и неформални влијателни структури за мобилизација на поддршка, иако тоа не може со сигурност да се поврзе со институционален притисок. Не беа забележани други практики што би можеле да влијаат врз ранливите или недоволно застапените групи. За време на изборниот молк и на самиот изборен ден, не беа регистрирани прекршувања поврзани со институционалната неутралност или партиското користење на државни ресурси. Гласањето се одвиваше мирно, без присуство на материјали од кампањата или партиски активности во близина на избирачките места.

Во целина, во Липково беа регистрирани ограничени, но сепак значајни појави на институционална комуникација по мерка на изборната кампања, особено преку официјалните платформи на градоначалникот. Овие активности не претставуваат систематска злоупотреба на административните ресурси, но сепак создадоа амбиент на зголемена видливост на актуелниот градоначалник, придонесувајќи кон нерамноправни услови коишто се типични за општини со силна владејачка структура.

## II.14. Сумиран извештај за општина Македонски Брод

Одговорна граѓанска организација: Национална мрежа „Жени за жени"
Период на мониторинг: 15 септември – 02 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: o.eftimovska@zenite.mk

**Профил на општината**

Македонски Брод е мала рурална општина, претежно населена со македонско население и тесни врски во заедницата. Политичката конкуренција постоеше, но беше релативно умерена. За градоначалничката функција се натпреваруваа четири кандидати: актуелниот градоначалник Жарко Ристески (коалиција предводена од ВМРО–ДПМНЕ), Ивица Стојкоски (коалиција предводена од СДСМ), Марјан Ѓурчески (Левица) и независниот кандидат Милосим Војнески. Актуелниот градоначалник влезе во кампањата со висока институционална видливост и поддршка, додека другите кандидати дејствуваа со помалку ресурси и потесен опфат. По прviот круг, независниот кандидат – иако обезбеди пласман во вториот круг – се повлече, со што вториот круг остана без реална конкуренција. ВМРО-ДПМНЕ задржа силно присуство на локално ниво, и иако формално изборите завршија во вториот круг, во основа за исходот се одлучи во првиот круг од гласањето. Советот на општината има силно мнозинство од коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Атмосфера за време на кампањата во Македонски Брод беше генерално мирна и кампањата главно се состоеше од мали средби, посети по селата и партиски митинзи. Иако не беа забележани сериозни прекршувања, мониторингот покажа неколку суптилни, но повторливи практики на користење административни ресурси во корист на актуелниот градоначалник.

Најзабележливо беше користењето на службените профили на општината и на градоначалникот на социјалните мрежи за промоција на тековни инфраструктурни проекти – како надградба на водоводниот систем, реконструкција на улици и теренски проверки на проектите – проследени со слогани и хаштагови за кампањата.

Дел од објавите често се поклопуваа со настаните од кампањата и некогаш беа спонзорирани, што ја зголемуваше нивната видливост. Спојувањето на институционалната комуникација со промовирањето на кампањата на актуелниот кандидат му обезбеди стабилна предност во однос на неговото присуство во јавност.

Дополнително, носители на функции и раководители на локални институции, вклучително и директори на јавни претпријатија и претставници на училиштата, повремено присуствуваа на активностите од кампањата на актуелниот градоначалник. Иако тие не присуствуваа секогаш во службено својство, нивното присуство придонесе за впечатокот за институционална поддршка на кандидатот. Во изолирани случаи, здравствени работници поврзани со владејачката партија спроведуваа теренски активности непосредно пред гласањето, што создаде загриженост околу временското темпирање и политичката порака. Не беа нотирани случаи на користење општински простории, службени возила или опрема за целите на кампањата, и настаните од кампањата главно се одржуваа на приватни или неутрални локации. На јавните настани не беа користени експлицитни пораки од кампањата – иако присуството и пораките на актуелниот кандидат понекогаш ја замаглуваа границата помеѓу неговото службено и политичко дејствување.

Надзорните механизми беа минимални, без институционални реакции на потенцијални злоупотреби. Големина на општината, ограничената медиумска контрола и прифаќањето на овие практики како „нормални" придонесоа за помала веројатност да се спречат или оспоруваат таквите суптилни форми на административна предност.

Во целина, не беше забележана систематска или агресивна злоупотреба на административни ресурси, додека актуелниот градоначалник го искористи континуираното преклопување на институционалните активности со промовирањето во кампањата, што му обезбеди индиректна, но видлива предност.

## II.15. Сумиран извештај за општина Охрид

Одговорна граѓанска организација: ИНТЕРАКТИВ-Битола
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: interaktivbitola@gmail.com

**Профил на општината**

Населението во Охрид е повеќеетничко, со 74,5% Македонци, додека останатите се припадници на албанската и турската заедница. Во политички активна локална средина, изборниот натпревар во општината редовно се води помеѓу главните водечки коалиции на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и неколку помали или групи од заедницата. На овие локални избори, актуелниот градоначалник Кирил Пецаков од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се кандидираше за повторен избор, а негови противкандидати беа од коалицијата предводена од СДСМ – Асен Шајн, како и од неколку помали партии и независни листи. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ имаше силно институционално и политичко присуство во општината, додека опозициските кандидати водеа видлива кампања, но со помалку ресурси. Изборите завршија во првиот круг од гласањето. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има силно присуство во општинскиот совет.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Изборната кампања во Охрид беше активна и конкурентна, со бројни митинзи, посети, мали средби по населбите и изразено користење на социјалните мрежи од страна на сите политички актери.

Набљудувачите не забележаа случаи на користење јавни објекти или службени возила во активностите за кампањата, ниту пак имаше индикации дека јавни институции обезбедуваа простор за изборни штабови, магацински простор или логистичка поддршка за кандидатите. Сепак, државните функционери, особено од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, често беа присутни на настаните во кампањата, најчесто без да се истакнуваат службените обележја или функции. Покрај нивното присуство, тие често држеа и говори во кои тие ги поврзуваа општинските постигнувања со изборните изгледи на актуелниот градоначалник, што ја замаглуваше границата помеѓу институционалната комуникација и политичката промоција. Таквите преклопувања беа суптилни, но не и експлицитни, и се повторуваа низ целиот период на кампањата. На општинските канали на социјалните мрежи (особено официјалниот профил на градоначалникот, кој локално се користи како институционален канал за комуникација) редовно се објавуваа промоции на проекти, отворања и јавни настани во текот на кампањата. Иако овие објави беа претставени како службени информации, индиректно му користеа на актуелниот градоначалник преку зголемување на неговата видливост во политички чувствителен период. Промоцијата на кандидати на службените институционални профили се „зачести“ во подоцнежните фази на кампањата, иако не преку официјалната општинска веб-страница. Не беа идентификувани случаи на масовно ангажирање на државни службеници во активностите од кампањата во текот на работното време, но беа забележани неколку случаи на пасивно или активно присуство, што укажува на неформално охрабрување наместо на дадени формални инструкции.
Полицијата и службите за обезбедување се однесуваа неутрално, без знаци на селективна заштита или политичка инволвираност.
Во комуникацијата со јавноста често се нагласуваа тековните проекти како што се проекти за патна инфраструктура и отворања на локални објекти кои, иако не беа нови инвестиции, беа претставени на начин што беше усогласен со пораките од кампањата. Материјалите за кампањата главно беа поставени на приватна инфраструктура, и не беа забележани значајни проблеми со нееднаков пристап до јавниот рекламен простор. Вклученоста на трети страни беше ограничена, со неколку локални медиуми кои ги покриваа промоциите на кандидатите, главно на оние од владејачките структури.
Во целина, не беше идентификувана системска злоупотреба на административни ресурси. Сепак, индиректни практики како промотивни јавни настани, чести појавувања на државни функционери во активностите од кампањата и институционалната комуникација со која се даваше предност на актуелниот градоначалник, создадоа нееднаква видливост на кандидатите. Овие појави беа одраз на структурни предности, а не на директна злоупотреба, и генерално кампањата се одвиваше уредно.

## II.16. Сумиран извештај за општина Прилеп

Одговорна граѓанска организација: ИНТЕРАКТИВ - Битола
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: interaktivbitola@gmail.com

**Профил на општината**

Прилеп е една од поголемите општини во Пелагонискиот регион и претставува значаен административен и економски центар. Општината главно е населена со Македонци, а политичкиот амбиент е традиционално конкурентен, со силни партиски структури и активни локални организации. На овие избори, главната трка се водеше помеѓу актуелниот градоначалник од владејачката коалиција ВМРО-ДПМНЕ, Дејан Проданоски, кандидатката на коалицијата предводена од СДСМ, Петра Лукароска, како и неколку помали партии, коалиции и независни кандидати, кои мобилизираа значајни локални мрежи и видливост.

Политичката динамика беше дополнително засилена со присуството на високи партиски функционери на национално ниво кои имаат силни врски со Прилеп, придонесувајќи за атмосфера на висока ангажираност во кампањата. Општинскиот совет има мешан состав, иако владејачката коалиција задржа посилно институционално присуство. Изборите во Прилеп завршија во првиот круг од гласањето.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Во периодот на мониторинг, кампањата во Прилеп беше конкурентна, но генерално уредно организирана, со јавни митинзи, маалски средби и засилена комуникација од страна на политичките актери. Иако беа забележани неколку случаи на можни преклопувања помеѓу службената должност и активностите во кампањата, сепак тие беа со ограничен обем и не претставуваа систематска злоупотреба.
Носители на функции повремено се појавуваа на настани каде што се нагласуваа владините проекти или институционалните постигнувања, што индиректно ја зголемуваше видливоста на одредени кандидати. Овие активности ја замаглуваа границата помеѓу службените и политичките функции, особено кога високи државни претставници присуствуваа на локални настани што индиректно придонесуваше за релевантноста на кампањата. Сепак, таквите случаи беа ретки и обично не вклучуваа експлицитна употреба на службени симболи, функции или јавни ресурси.
Неколку настани од кампањата беа одржани во простории на јавни објекти или во нивна близина, но овие случаи не укажаа на дискриминаторски пристап или давање предност од страна на институциите. Не беа регистрирани случаи на користење службени возила за целите на кампањата, ниту пак беа забележани државни службеници како извршуваат политички активности во работно време. Полицијата и службите за обезбедување ја задржаа неутралноста во текот на целиот период.

Општинската комуникација во најголем дел остана административна и не премина во отворена промоција на кој било кандидат. Локалните медиуми понудија различен степен на медиумско покривање, при што некои редакции покажуваа политичка наклонетост, но тоа не доведе до институционална злоупотреба. Не беа забележани нови јавни проекти, селективни набавки или предизборни вработувања кои би можеле да влијаат врз однесувањето на гласачите.
Во целина, иако одредени практики ја отсликаа структурната предност на политичките актери поврзани со владејачките институции – како поголема видливост преку официјални настани – во текот на мониторингот не беше утврдена наменска, распространета или систематска злоупотреба на административни ресурси. Општинската администрација ја задржа својата функционална неутралност, а изборниот процес се одвиваше без значајно вмешување од страна на институциите.

## II.17. Сумиран извештај за општина Сарај

Одговорна граѓанска организација: Национална мрежа „Жени за жени"
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: o.eftimovska@zenite.mk

**Профил на општината**

Сарај е голема, претежно рурална и приградска општина на периферијата на Скопје. Населението е составено главно од етнички Албанци (91,5%), со помали заедници на Бошњаци, Македонци, Роми, Турци, Срби и Власи.

Општината и понатаму е политички поделена, со изразена поларизација меѓу гласачите и поддржувачите на различни политички опции. Изборната кампања беше динамична и конкурентна, во која доминираа кандидатите на двете големи албански коалиции – НАИ и ВЛЕН. Политичките партии најмногу се потпираа на директни контакти со гласачите преку маалски средби, активности од врата до врата, мали митинзи и настани во заедницата. Наспроти тоа, независниот кандидат имаше ограничена и малку видлива кампања. Иако коалицијата ВЛЕН ја доби градоначалничката функција, општинскиот совет остана под мнозинска контрола на коалицијата НАИ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Кампањата во општина Сарај главно се потпираше на ангажман во заедницата и воспоставените партиски структури, а не на отворена или доминантна зависност од институционалните ресурси. Истовремено, владејачка коалиција на локално ниво и актуелниот градоначалник имаа полесен пристап до јавните објекти и државните службеници, што ја олеснуваше организацијата на настани и информирањето на гласачите. Владејачката коалиција на централно ниво пак ја засилуваше својата видливост преку владините проекти и присуството на државни функционери, со што индиректно ги промовираше своите кандидати. Овие практики придонесоа за нееднакви услови, особено штетни за независниот кандидат кој, поради ограничен пристап и поддршка, на крајот се повлече од изборната трка.

Користењето јавни објекти, особено училиштата за партиски собири беше една од најчестите забелешки поврзани со злоупотребата на административни ресурси. Овие активности најчесто беа поврзани со коалицијата НАИ и вклучуваа актуелни пратеници и локални функционери. Според организаторите, просторот се користел врз основа на официјални барања и одобренија, со образложение дека во руралните подрачја недостига друг соодветен јавен простор. Не беа забележани случаи на злоупотреба на службени возила, при што карактеристичните регистарски таблички и онлајн-регистарот за службени возила се покажаа како ефикасни механизми на одвраќање.

Носители на функции често беа присутни на настаните во кампањата, најчесто за да одржат говори во поддршка на кандидатите на нивните партии или да ги нагласат институционалните постигнувања, со што ја зголемуваа видливоста и кредибилитетот на нивните кандидати. Кандидатите и носителите на функции често се повикуваа на локалните и владините проекти, што особено беше изразено во кампањата на ВЛЕН. Иако директните докази беа ограничени, беше пријавено дека државни службеници – особено наставници и директори на училишта – релативно често учествуваа во активностите од кампањата, вклучително и преку присуство на настани организирани во нивните установи во работното време.

Политичката комуникација силно се потпираше на социјалните мрежи, каде што кандидатите и партиските структури користеа лични и партиски профили за да допрат до гласачите. Позитивно е што не беа забележани случаи на користење официјални општински профили или институционални канали за пренесување пораки од кампањата, а распределбата на рекламниот простор – вклучително и билборди и дигитални екрани – не покажа индикации за привилегиран третман. Во целина, општинската администрација и јавните институции во голема мера одржаа неутралност, функционирајќи на начин што ја задржа јасната граница помеѓу службените должности и изборните активности.

Во целина, употребата на административни ресурси во Сарај беше оценето дека имаше умерено влијание врз еднаквоста и фер натпреварот во изборниот процес. Факторите кои придонесоа за тоа се усогласеноста на локалните власти со политиката, структурните ограничувања во заедницата и слабата институционална транспарентност и контрола.

Ниската јавна свест и општото прифаќање на партиската видливост како „нормален“ дел од изборните кампањи дополнително го намалија притисокот од институциите и јавноста за да се спречат или санкционираат злоупотреби.

## II.18. Сумиран извештај за општина Струга

Одговорна граѓанска организација: КАБ Струга 2017
Период на мониторинг: 15 септември – 02 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: kabstruga@outlook.com

**Профил на општината**

Струга е мултиетничка општина со околу 50.980 жители, од кои 50,8% Албанци, 45,9% Македонци, а останатите се Турци и Роми. Изборниот период во Струга беше обележан со силна конкуренција меѓу неколку активни кандидати, но севкупно атмосферата беше помирна отколку во претходните години, поради отсутноста на долгогодишниот градоначалник Рамиз Мерко (како што беше пријавено). Главни претенденти беа Арсим Далипи од коалицијата НАИ, независните кандидати Менди Ќира (поддржан од коалицијата ВЛЕН) и Бесник Асани, како и Јована Мојсовска од Левица. Наодите од мониторингот и локалните анкети укажуваа на особено тесна трка меѓу Далпи и Ќира. Ваквата динамика создаде навистина конкурентен изборен амбиент, без јасен фаворит и со повеќе кандидати кои можеа да влијаат врз конечниот резултат. Јавните институции — вклучително и училиштата, болниците и општинските претпријатија — имаат значајна улога во заедницата и често се преплетуваат со политичката динамика. Како и на претходните избори, кандидатите во голема мера се потпираа на своите институционални врски, било на локално или на централно ниво, за да ги засилат своите напори за контакт со гласачите. Коалицијата НАИ е доминантно застапена во општинскиот совет. Изборите завршија со вториот круг на гласање.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

За време на периодот на мониторинг, изборната кампања во Струга беше конкурентна и динамична, со чести средби со граѓани и теренски активности на повеќе кандидати. Иако атмосферата генерално остана мирна, преку мониторингот се утврди повторливо користење на јавните институции, особено училиштата, а во некои случаи и здравствени установи, за настани во кампањата. Пристапот до овие објекти се чинеше дека не е дискриминаторски, но беше неформален и често зависеше од влијанието на одредени кандидати. Не беше забележана широко распространета употреба на службени возила, освен еден изолиран случај каде општинско возило беше ставено на располагање на член на локалната изборна комисија.
Јавни функционери, особено директори на училишта и вработени во локалните институции, беа вклучени во активностите за кампањата, а министерот за здравство оствари посети во болниците со политички предзнак. Беше потврден еден случај на материјално поттикнување („изборен асфалт“) во Враништа, поврзано со кампањата на независен кандидат. Забележано беше и присуство на деца на настани во кампањата. Иако дел од тековните јавни услуги беа споменувани во пораките од кампањата, не беа забележани нови проекти или проекти што се пуштаа во употреба.

Денот на изборите помина мирно во избирачките места, но организирани групи се собираа пред неколку локации. Граѓани пријавија случаи на купување гласови и во урбани и во рурални средини, но истите не можеа независно да се потврдат од страна на набљудувачите. Кандидатите не го почитуваа изборниот молк и продолжија да објавуваат промотивни содржини онлајн. Во целина, мониторингот укажа на повторливо, но не и централизирано координирано користење административни ресурси, главно преку користење јавни објекти и чинители од институциите, додека самиот изборен ден помина уредно.

## II.19. Сумиран извештај за општина Струмица

Одговорна граѓанска организација: Асоцијација за рурален развој ЛАГ Агро Лидер
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: danielacvetanoska@yahoo.com

**Профил на општината**

Струмица е општина со мнозинско македонско население, и со застапеност и на ромската и турската заедница. Струмица традиционално претставува политичко упориште на СДСМ. Сепак, на последните изборни циклуси беше забележана зголемена политичка конкуренција, при што ВМРО-ДПМНЕ значително го прошири своето организациско присуство и поддршката од гласачите.
За време на локалните избори во 2025 година, двете најголеми партии водеа интензивни кампањи со фокус на мобилизирање гласачи, видливост и контакти со граѓаните. Коалицијата предводена од СДСМ се соочи со внатрешни стратешки и организациски предизвици, додека кампањата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ имаше покохезивна структура. Помалите кандидати беа до одредена мера присутни во јавност, но им недостасуваа ресурсите и видливоста на водечките политички субјекти.
Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е силно застапена во општинскиот совет. Изборите завршија со првиот круг од гласањето.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг, изборната кампања во Струмица беше конкурентна, активна и генерално уредно спроведена, со митинзи, посети на заедниците, консултации со жителите и бројни активности организирани од страна на кандидатите и партиите.
Мониторингот на настаните во кампањата, институционалната комуникација и учеството на државни функционери не покажа постоење на случаи на недвосмислено или систематско преклопување на службената должност со политичките активности. Одредени настани се одржаа во јавни објекти или во нивна близина, но сепак, не беше забележан дискриминаторски пристап, а остана нејасно дали користењето беше одобрено преку формални постапки или тоа претставува воспоставена пракса на локално ниво. Не беа забележани случаи на користење службени возила за целите на кампањата.
Носители на функции присуствуваа на дел од активностите за кампањата, но главно во партиски или приватен капацитет, без употреба на официјални обележја или звања. Во неколку случаи, пораките на настаните на кои присуствуваа државни функционери ја замаглуваа границата меѓу државата и партијата, индиректно поврзувајќи ги тековните владини постигнувања со изборната кампања. Иако овие појави укажуваа на елементи на усогласено постапување со институциите, не беа утврдени докази за започнување нови јавни проекти, најави за инфраструктурни проекти или привилегирани јавни набавки и вработувања поврзани со кампањата.

Локалните институции беа оценети како професионални и неутрални. Не беа регистрирани случаи во кои државни службеници учествуваа во активности од кампањата во работното време. Општинската комуникација претежно беше административна без промовирање на ниту еден кандидат или политички субјект. Локалните медиуми активно ги следеа изборните случувања, иако дел од нив покажаа препознатливи политички афинитети.
Во целина, мониторингот не откри широко распространета или намерна злоупотреба на административни ресурси. Имаше појави кои сугерираа постоење на благи форми на институционално влијание — како присуство на државни функционери на партиски настани или индиции за неформално мобилизирање во одредени институции — но овие појави не достигнаа ниво на систематска злоупотреба. Контролата од јавноста, свеста за законските обврски и видливите напори за постапување според правилата придонесоа да се задржи атмосфера во која генерално се почитуваа принципите на неутралност.

## II.20. Сумиран извештај за општина Студеничани

Одговорна граѓанска организација: Центар за асистенција
Период на мониторинг: 15 септември – 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@assistivecenter.org

**Профил на општината**

Студеничани е претежно рурална општина која се наоѓа југоисточно од Скопје, со население составено главно од етнички Албанци (68,4%), потоа Турци (19%), како и помали заедници на Бошњаци, Македонци, Роми и Срби. Областа се карактеризира со силни врски во заедницата и долготрајна политичка лојалност, при што една политичка структура традиционално доминира во локалната власт. Мнозинство советници во општинскиот совет се од коалицијата НАИ.
Кампањата во Студеничани се спроведе мирно и беше уредно спроведена. Политичките актери се потпираа првенствено на заедницата и на партиските мрежи за поддршка, и ја водеа кампањата преку локални средби, посети на селата и посети од врата на врата, а социјалните мрежи служеа како дополнителен канал за комуникација.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Кампањата во Студеничани беше обликувана од силното влијание на локалните власти и вкоренетите партиски структури, при што актуелниот градоначалник и владејачката локална коалиција имаа значителна институционална контрола. Мониторингот покажа дека општинските објекти и јавните простории често се користеа за активности од кампањата, честопати под превезот на настани во заедницата или културни настани. Иако овие активности секогаш не беа експлицитно партиски настани, временското темпирање и содржината на настаните посочија на давање поддршка за одредени кандидати, зајакнувајќи ја перцепцијата за институционална пристрасност.

Најчесто користени административни ресурси беа јавните објекти како што се спортски сали, училишта и општински простории. Спортската сала „Илинден“ и училишните згради во Студеничани и околните села повеќепати беа користени за средби во кампањата и за собири за промоција на кандидати.

Често беше нејасно на кој основ се обезбедени просториите и тоа не беше доведено во прашање од страна на надлежните институции, коешто го отсликува слабиот надзор и придонесува кон впечатокот дека има толеранција за таквите појави. Не беа забележани случаи на користење службени возила за кампањата.

Видливоста и активното учество на актуелниот градоначалник во настаните од кампањата ја замагли границата меѓу службените должности и политичкото промовирање. Општинските комуникациски канали повремено објавуваа содржини во кои се нагласуваа локалните проекти и постигнувањата на градоначалникот, индиректно зајакнувајќи ги пораките во кампањата и укажувајќи на преклопување меѓу локалното владеење и кампањата.

Според извештаите, дел од вработените во општината и јавните институции биле изложени на неформален притисок да присуствуваат или да поддржат активности од кампањата. Иако тоа не било во форма на отворена присила, ваквата пракса е одраз на високата политизираност на локалната администрација и подреденоста на службениците на политичката хиерархија.

Во целина, мониторингот покажа умерена, но непрекината употреба на административните ресурси што суптилно ја фаворизираше владејачката локална структура и ја нарушуваше еднаквоста меѓу кандидатите. Главните фактори што придонесоа за таквата состојба се концентрацијата на моќ во рамки на општинските институции, недостаток на ефикасен надзор и санкции, како и ограничената информираност на државните службеници за законските ограничувања. Руралниот карактер на општината и силните врски во заедницата дополнително ја олеснуваа неформалната политизација и клиентелистичките односи.

## II.21. Сумиран извештај за општина Теарце

Одговорна граѓанска организација: Здружение за социјален развој – За Тетово
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: ramadan.murtezani1@gmail.com

**Профил на општината**

Теарце е повеќеетничка, полурурална општина составена од неколку околни села. Албанците претставуваат околу 83% од населението, Македонците околу 12%, а преостанатите 5% се Турци, Роми и Срби. Општината се карактеризира со мали и силно поврзани заедници, каде личните мрежи и локалните врски силно го обликуваат јавниот живот и односите со институциите. Општината ја водеше градоначалник од редовите на НАИ, кој не се кандидираше за повторен избор, но остана видливо активен за време на кампањата, учествувајќи во состаноци на кандидатот за градоначалник на НАИ. Истовремено, коалицијата НАИ имаше воспоставено влијание врз општинските структури и одржуваше силно организациско присуство. Наспроти тоа, политичките конкуренти на НАИ беа усогласени со партиите на власт на национално ниво, што резултираше со интензивна и нерамноправна кампања во која локалните доминантни структури и посилните политички актери на национално ниво се соочија од различна позиција на предност.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Степенот до кој административните ресурси се користеа во кампањата во Теарце беше оценет како умерен, но забележлив. Неколку случаи се однесуваа на користење јавни објекти, при што настаните од кампањата за кандидатот на НАИ се одржуваа во училишни објекти на општината без надомест и без јасно документирано формално образложение. Пристапот до овие објекти изгледаше значително полесен за локалните доминантни структури отколку за останатите кандидати. Притоа, силните врски во заедницата помеѓу училишниот кадар, вработените во општината и партиските претставници беа утврдени како олеснувачки фактор за таквата состојба. Наспроти тоа, беа забележани само изолирани случаи на користење службени возила, како што беше случај со службеното возило на Државниот инспекторат за труд во врска со движењето на кандидатот на НАИ.

Освен кај градоначалникот во заминување, во само неколку изолирани случаи беше забележано присуство на останати функционери во активности од кампањата, и најчесто без особено голема видливост. За време на нивното учество, ретко се упатуваше за јавни инфраструктурни проекти и тоа беше ограничено на претходно планирани активности, но кога ги споменуваа, тие индиректно придонесуваа за создавање позитивна слика за нивните кандидати. Истовремено, набљудувачите забележаа присуство на државни службеници, вклучително и училиштен кадар и вработени во општината, на неколку политички настани. Иако се чинеше дека нивното учество не е формално координирано, нивната вклученост на настани на еден кандидат оставаше впечаток за пристрасност во контекст каде професионалните и политичките улоги се тесно испреплетени поради поврзаноста во заедницата.

Официјалните онлајн канали на општината во целина останаа неутрални. Сепак, неколку советници на НАИ и јавни личности користеа свои лични профили на социјалните мрежи за јавно да повикаат на поддршка за нивните листи, вклучително и за време на изборниот молк, што дополнително ја засилуваше перцепцијата за поместување на границите во нивните улоги.
Во целина, забележаните форми на користење административни ресурси беа оценети дека создадоа нерамноправна кампања со негативно влијание врз еднаквоста и фер условите во изборната трка. Комбинацијата од политичка усогласеност на локално ниво, полуруралниот карактер на средината и институционалната зависност од веќе воспоставените структури на моќ беа идентификувани како клучни фактори за практиките за користење на ресурсите.

## II.22. Сумиран извештај за општина Тетово

Одговорна граѓанска организација: Здружение за социјален развој – За Тетово
Период на мониторинг: 15 септември – 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: ramadan.murtezani1@gmail.com

**Профил на општината**

Тетово е голема и политички значајна урбана општина, со централна улога во регионот за администрацијата, образованието и јавните услуги. Општината е населена со различни етнички групи, од кои мнозинството се етнички Албанци, но присутни се и заедници на Македонци, Роми, Турци, Бошњаци и Срби. Политичката конкуренција во Тетово вообичаено е интензивна, поттикната од силни партиски структури длабоко вкоренети во локалните заедници и тесно поврзани со националната политика.

За време на локалните избори во 2025 година, кампањата беше една од најактивните и најконкурентните во регионот, со видливи и континуирани активности од страна на коалициите ВЛЕН, НАИ, ВМРО–ДПМНЕ, СДСМ и граѓанската иницијатива „За Тетово“. Локалната администрација предводена од ВЛЕН, вклучително и актуелниот градоначалник, одржуваа силно присуство, додека опозициските политички актери интензивно ги мобилизираа гласачите во населбите и руралните средини. Кампањата севкупно се карактеризираше со висок степен на организациски капацитет, постојан ангажман на терен и висок политички ангажман во двата круга од гласањето.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Мониторингот во Тетово укажа на високо и систематско присуство на злоупотреба на административните ресурси, вкоренето во долготрајно поистоветување на партиските структури со јавните институции. Кампањата беше опишана од страна на набљудувачите како кампања во која владејачката локална администрација предводена од ВЛЕН и нејзините сојузници интензивно се потпираа на општинските капацитети, јавните претпријатија и долготрајно воспоставените мрежи, додека опозициските кандидати се соочуваа со значително ограничен пристап до институциите.

Една од најчестите практики се однесуваше на користењето јавни објекти. Настаните за кампањата и партиските состаноци се одржуваа во јавни објекти, вклучително и во училишта, општински сали и на други државни или општински локации, честопати според нејасни или нерамномерно применети критериуми за пристап. Набљудувачите забележаа дека објектите беа полесно достапни за политичките актери поврзани со актуелните структури, додека другите кандидати имаа потешкотии да обезбедат слични локации. Во еден случај, Музејот на Тетовскиот крај (поранешен Дом на армијата) во Тетово беше искористен за промоција на кандидати од листата на Движењето ЗНАМ, што покажува како државните објекти станаа дел од поширокиот пејзаж за изборната кампања. Истиот објект ѝ беше ставен на располагање и на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Злоупотребата на службени возила претставуваше уште една воспоставена практика. Во неколку случаи, државни или општински возила беа видени дека се користат за мобилизација на гласачи и за поддршка на активностите во кампањата, претежно за ВЛЕН, но и за ВМРО-ДПМНЕ.
Овие практики го зајакнаа впечатокот дека институционалните ресурси за логистика се ставаат на располагање на владејачката коалиција. Истовремено, опозициските кандидати и граѓанските иницијативи, пак, користеа главно приватни или изнајмени возила, што ја потенцираше нерамноправноста во достапните средства.

Понатаму, набљудувачите документираа вклученост на државни службеници и вработени лица во јавни претпријатија во активности за кампањата. Вработени лица од општинските структури, училишта и јавни претпријатија често беа видени дека присуствуваат или помагаат на митинзи и средби, понекогаш во редовното работно време и на начин кој укажуваше на организирана мобилизација, а не на индивидуален политички избор. Јавните претпријатија беа забележани како даваат поддршка за настаните, преку логистичка помош, опрема или симболична промоција на актуелното раководство. Паралелно на тоа, на општинските комуникациски канали и на официјалните профили на социјалните мрежи редовно се истакнуваше работата и постигнувањата на градоначалникот и владејачката коалиција за време на кампањата, замаглувајќи ја границата меѓу институционалните информации и партиската промоција.

Неколку значајни настани од кампањата се одржаа во или околу јавно-финансирани проекти, вклучително и големи инфраструктурни проекти, со презентирање на тековни или неодамна започнати проекти. Набљудувачите забележаа и неколку ново одобрени инфраструктурни проекти за време на кампањата, вклучувајќи реконструкција на патишта и проект за спортско игралиште, активности кои се во спротивност со законската регулатива. Севкупно, овие случувања ја засилија перцепцијата дека јавните инвестиции се користат за поддршка на актуелната власт.

Атмосферата за време на кампањата во Тетово беше обележана и со силно присуство на високи државни функционери и партиски лидери од повеќе политички структури, но особено од владејачките структури. Нивните повеќекратни посети и заеднички појавувања со локалните кандидати ја зајакнаа перцепцијата дека институционалната и партиската моќ се тесно испреплетени. Во исто време, набљудувачите забележаа слабости во институционалните контроли: не беа забележани ефективни мерки на локално или централно ниво за да се спречат злоупотреби, додека органите за спроведување на законите и надзор не преземаа видлива или проактивна улога.

Во целина, набљудувачите заклучија дека различни форми на злоупотреба на административни ресурси, вклучувајќи и привилегиран пристап до јавни објекти, користење службени возила, мобилизација на државни службеници и јавни претпријатија, како и партиско користење на институционалната комуникација и јавните проекти, извршија значително влијание врз еднаквоста и правичноста во кампањата. Овие практики беа оценети како фактор што го нарушува рамноправниот терен во изборната трка, давајќи предност на кандидати поврзани со актуелната локална власт, додека на конкурентите им се ограничува правото на еднакви услови за кампања. Недостигот на санкции, во комбинација со долготрајна политичка култура во која изборната победа се смета за неформално стекнување право врз јавните институции, беше оценето како клучен фактор којшто ги овозможува овие практики.

## II.23. Сумиран извештај за општина Центар Жупа

Одговорна граѓанска организација: КАБ Струга 2017
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: kabstruga@outlook.com

**Профил на општината**

Центар Жупа е мала рурална општина (околу 3.720 жители) со изразена емиграција и намален број на жители, што придонесува за генерално мирна политичка клима и политичка конкуренција со мал интензитет. Околу 80% од жителите се Турци, а останатите се Албанци и Македонци. Локалните избори традиционално поминуваат без инциденти и тензии. Во овој изборен циклус, за градоначалник се натпреваруваа Аријан Ибраихм од ДПТМ, Инает Баки од ПДТ и Алил Емрула од ДНЕТ. Политичко ривалство постои, но поради големината на заедницата и блиските лични или семејни врски меѓу жителите, кампањите најчесто се скромни и се сведуваат на мали собири и директна комуникација со граѓаните. На изборите не се постигна потребниот цензус за избор на градоначалник. Мнозинството советници во општинскиот совет се од ПДТ.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг не беа забележани случаи на злоупотреба на административни ресурси во Центар Жупа. Имаше мал број настани во кампањата и ниту еден не се одржа во јавни простории, ниту пак се користеа јавни објекти, опрема или возила. Трите настани кои беа забележани во подоцнежната фаза од кампањата се одржаа на приватни или неутрални локации, без индикации за привилегиран пристап до институционални ресурси.
Носители на јавни функции присуствуваа на некои од активностите во кампањата, и тоа главно во врска со собири на ДНЕТ, ТХП и ДПТМ, но тие се појавија по завршување на работното време и во приватно својство, и не во својство на давање институционална поддршка. Нивното присуство беше поврзано со лични, семејни или социјални релации, а не со злоупотреба на функцијата. Не беа забележани случаи во кои имаше функционери во униформа, кои ја користеа функцијата или пак службените обврски ги мешаа со кампањата.
Јавните настани или настаните организирани од општината не содржеа елементи на кампања, и ниту еден јавен комуникациски канал – како официјалните веб-страници на општината, профилите на социјалните мрежи или огласни табли – не се користеше за промовирање на кандидат или политичка партија. Преку мониторингот на социјалните мрежи и настапите на локалните телевизии не беа утврдени преклопувања меѓу институционалната комуникација и пораките за кампањата. Државните службеници ги почитуваа законските обврски и не беа забележани активности во текот на работното време кои би укажале на поддршка за некој кандидат.
Немаше известувања за најави за нови проекти, бенефиции, јавни набавки или вработувања што би можеле да се поврзат со кампањата. Ниту еден политички актер не користеше јавни ресурси за да се потенцираат тековни проекти или тоа да создаде некаква предност. Исто така, во активностите од кампањата не беше забележана вклученост на полицијата или службите за обезбедување.
Исто така, не беше забележано ниту учество на трети страни. Ниту една организација, деловна компанија или неформална група не беа идентификувани дека обезбедуваат простор, услуги или промотивна поддршка за кандидатите. Во рамките на кампањата, не беа забележани практики за таргетирање или дискриминирање на ниту една ранлива или малцинска група.
Севкупно, изборната атмосфера во Центар Жупа се карактеризираше со силна неутралност на институциите, кампања со мал интензитет и голем степен на придржување до законските стандарди.

## II.24. Сумиран извештај за општина Чаир

Одговорна граѓанска организација: Three C Consulting
Период на мониторинг: 15 септември - 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: contact@3cconsulting.co

**Профил на општината**

Општина Чаир е урбана, густо населена општина во рамки на Град Скопје и претставува мултикултурна средина со мнозинска албанска заедница, побројна ромска и турска заедница и помалубројно македонско население. Политичката динамика во Чаир е обликувана од високо мобилизирани партиски структури и силни мрежи во заедницата, поради што општината се смета за една од политички поконкурентните општини со симболичка важност во националниот контекст.

На локалните избори во 2025 година, актуелниот градоначалник не се кандидираше за нов мандат. Борбата за градоначалничката функција ја водеа двајца истакнати кандидати со богато политичко искуство во државата: Изет Мехмети, вицепремиер и министер за животна средина, кандидат на коалицијата ВЛЕН; и Бујар Османи, поранешен министер за надворешни работи, кандидат на НАИ. Двајцата водеа видлива и активна кампања, потпирајќи се на своето долгогодишно искуство во политиката. Владејачката коалиција ВЛЕН имаше свое силно присуство во општинскиот совет, што овозможи да има стабилно влијание врз локалните политички структури во текот на кампањата.

**Забележани трендови во користењето административни ресурси за време на кампањата**

Иако беа документирани само мал број на злоупотреби на административните ресурси во општина Чаир, набљудувачите затекнаа појави што покренаа прашања околу границата меѓу институционалната улога и активностите во кампањата, создавајќи впечаток за предност на одредени кандидати.

Набљудувачите не забележаа дека јавните објекти се користеа за партиски цели. И покрај неколкуте неофицијални тврдења за користење службени возила, не беше затекнат директен доказ што би ги потврдил овие наводи, при што беше забележано дека за двете кампањи главно се користеа изнајмени возила. Дополнително, не беа забележани партиски активности од страна на општинската администрација кои би можеле да обезбедат предност за некој кандидат — како на пример општински настани, услуги или активности за информирање на јавноста.

Во исто време, набљудувачите нотираа дека кампањата во Чаир беше обликувана од двајца високо истакнати и познати кандидати во државата, чиј јавен профил, тековна политичка улога и повикување на резултатите од нивното владеење ја заматуваа границата меѓу службената функција и политичкото промовирање. Државната функција и профилот на кандидатот на ВЛЕН особено му овозможија значително да ја поврзе својата кампања со големи владини проекти како изградбата на кампусот на Универзитетот „Мајка Тереза“ и подземниот паркинг на плоштадот Скендербег во Скопје. Во кампањата на кандидатот на НАИ се упатуваа критики за противкандидатот за наводни 720 политички мотивирани вработувања и постапки за јавни набавки поврзани со кампањата. Прегледот на јавните записи од страна на набљудувачите покажа само мал пораст во бројот на договори.
Сепак, не постоеше можност да се утврдат директни докази за таквите тврдења, а ДКСК не се произнесе по овие наводи во текот на мониторингот.

Кампањата во Чаир во голема мера се потпираше и на социјалните мрежи, теренски активности и обиколки по населбите. Ваквата форма на активности во кампања се покажа дека е тешко да се следи во реално време и тоа ја отежна целосната оценка за степенот до кој институционалната предност би можела да влијае на видливоста или пристапот.

Во целина, набљудувачите оценија дека иако не беше документирана недвосмислена или системска злоупотреба на административни ресурси, постоеја практики и наративи во контекст на кампањата коишто ја замаглуваа границата помеѓу службената улога и изборните активности, придонесувајќи до низок или умерен степен за нарушување на еднаквоста и правичноста на кампањата. Факторите што придонесоа за ограничено забележување на злоупотребата на административни ресурси се должат на институционалното непостапување на општината, активности во кампањата за кои претежно се потребни помалку ресурси и се одвиваат на јавен простор, како и перцепцијата за политичкото искуство на главните кандидати.

## II.25. Сумиран извештај за општина Штип

Одговорна граѓанска организација: Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико
Период на мониторинг: 15 септември – 19 октомври
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@romalitico.org

**Профил на општината**

Штип е општина со средна големина и значаен административен и образовен центар во источниот регион на државата. Општината има приближно 44.866 жители, од кои мнозинството, односно околу 77,5% се етнички Македонци, додека помалку застапени се заедниците на Ромите, Турците, Власите, Србите, Бошњаците и Албанците. Политичката атмосфера во Штип за време на овие избори беше генерално мирна и структурирана, обележана со умерено активна конкуренција помеѓу кандидатите од двете водечки коалиции: ВМРО-ДПМНЕ – Иван Јорданов и СДСМ – Павел Иванов, но со уредно спроведени активности во кампањата. Владејачката ВМРО-ДПМНЕ ја задржа силната застапеност во општинскиот совет и одржа видлива присутност во кампањата. Политичките партии спроведуваа стандардни активности за контакти со гласачи, како мали митинзи, маалски средби и комуникација преку социјалните мрежи. Изборниот процес во општината се одвиваше без поголеми тензии, а изборите завршија во првиот круг од гласањето.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Во текот на периодот на мониторинг од 15 септември до 19 октомври 2025 година, во Штип се водеше активна, но дисциплинирана кампања, без јасни индикации за систематска злоупотреба на административни ресурси. Активностите во кампањата се интензивираа кон средина на кампањата и во последните фази, главно од страна на коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.
Јавните објекти повремено се користеа за средби во кампањата, но немаше докази за постоење на дискриминаторски пристап или фаворизирање од страна на институциите.
Нема забележани случаи на користење општински возила или опрема за целите на кампањата. Државни функционери беа присутни на некои од активностите во кампањата, но нивното присуство најчесто делуваше како лично или партиски мотивирано, без употреба на службени титули, симболи или официјална функција.
Институционалната комуникација остана претежно неутрална и административна, без случаи во кои јавни институции промовираа кандидати или ги поврзуваа службените функции со пораките од кампањата. Општинската администрација и државните службеници своите обврски ги извршуваа непристрасно, без пријави за вклученост во активности за кампањата во текот на работното време. Правилата за изборен молк беа почитувани, а изборниот ден се одвиваше уредно и согласно процедурите, вклучително и гласањето во домашни услови за неподвижните лица.

Во текот на целиот период на мониторинг не беа идентификувани практики што би укажале на намерна, систематска или широко распространета злоупотреба на административните ресурси. Неутралноста на институциите, заедно со придржувањето до законските обврски и континуираниот мониторинг, придонесоа за транспарентна и уредно спроведена кампања во Штип.

## II.26. Сумиран извештај за општина Шуто Оризари

Одговорна граѓанска организација: Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико
Период на мониторинг: 15 септември – 2 ноември
Податоци за контакт на граѓанската организација: info@romalitico.org

**Профил на општината**

Општината Шуто Оризари, со мнозинско ромско население, имаше седум кандидатури за градоначалник и седум листи за советници на локалните избори во 2025 година. Сите кандидати за градоначалник беа мажи, но за листите за советници беа запазени законските барања за родова квота. Кампањата беше динамична и конкурентна, со вклученост на различни ромски политички актери и групи во заедницата. За разлика од претходните изборни циклуси, беше забележан помал број на јавни собири и митинзи, односно, приближно половина од кандидатите не организираа јавни настани или митинзи, што укажува на премин кон помали, насочени активности наместо масовни настани. Главната изборна трка се водеше меѓу актуелниот градоначалник Курто Дудуш (Унија на Ромите) и Ерџан Демир (од коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ). Останатите ромски партии и независни движења, како Сојузот на Ромите од Македонија (СРМ), беа активни, но со поограничена видливост. Составот на локалниот совет има мешан состав, без доминација на една политичка сила.

**Забележани трендови во употребата на административни ресурси за време на кампањата**

Политичката и институционалната припадност влијаеше врз тоа колку лесно кандидатите можеа да мобилизираат поддршка, но не се забележа дека таквата поврзаност премина во широко распространета злоупотреба на ресурси. Со оглед на фрагментираниот политички пејзаж во општината, каде што неколку етаблирани партии имаа споредлива моќ и мрежи во заедницата, и со оглед на високиот рејтинг на актуелниот градоначалник кај локалното население, се чинеше дека имаше мала потреба од користење нелегитимни средства од страна на кандидатите. Меѓусебниот надзор на политичките конкуренти дополнително придонесе да се спречат практики на поотворена злоупотреба.
Сепак, функционери на централно ниво, вклучително и владини министри и заменик-министри, често присуствуваа на локалните јавни настани во кампањата, користејќи тековни или планирани инфраструктурни проекти за зајакнување на изборните пораки или за директно или суптилно промовирање на кандидати. Иако нивната вклученост, како и вклученоста на локалните носители на функција најчесто се сметаше дека има симболичен карактер, тоа создаде впечаток за преклопување меѓу административното работење и партиската промоција, зголемувајќи ја видливоста на кандидатите, особено на оние поврзани со власта. Не беше нотирана загриженост за вклученоста на државни службеници во кампањата.

Користењето јавни објекти за активности во кампањата беше честа појава и, иако генерално тие беа достапни за повеќето партии, тоа придонесе за чувство на преклопување на општинските функции со изборната промоција. Забележани беа неколку изолирани случаи на користење службени возила и општинска канцелариска опрема. Дигиталната кампања преку официјалните профили на носители на јавни функции беше широко распространета, често со нагласување на успешни јавни проекти и средби со кандидати, но не беше забележана партиска активност преку официјалните комуникациски канали на општината.

Во целина, не беше забележана значајна или системска злоупотреба на административни ресурси во Шуто Оризари. Забележаните изолирани случаи на недозволени влијанија не се оценија како фактор што значително влијаел врз фер условите на изборниот процес. Присуството на набљудувачи, медиуми и граѓански организации, заедно со избалансираната локална политичка конкуренција и зголемената свесност кај државните службеници за обврските за политичка неутралност, беа фактори кои придонесоа за контрола на злоупотребите.